Македонски Хералд — Macedonian Herald

Број 3 март 2009 - Електронска верзија — Electronic version - March 2009 Issue 3







Јован Јоновски — Jovan Jonovski

# Грбовите на Македонија

## Coats of Arms of Macedonia



Грбовите на Македонија се присутни во европските грбовници, каде што се застапени рамо до рамо со грбовите на другите европски земји. Тие им припаѓаат на кралевите на земјите, што е сосема очекувано во средновековните идеи за еднаквост на земјата и кралот.

Особено се познати и значајни грбовите на Александар Македонски, кои излегуваат од грбовниците и се наоѓаат насликани, извајани и навезени низ цела Европа. Најчест мотив на овие грбови е лавот.

Грбовите на Македонија се наоѓаат во илирските грбовници, наречени така по идејата за обединување на Словените во една илирска држава.

Новите истражувања покажуваат дека тие грбовници не се исполнети само со фабрикувани грбови и пусти мечти.

*(Страница 3)*

---

Coats of Arms of Macedonia can be found in the European Rolls of Arms, represented shoulder by shoulder to the Arms of other European countries. There, the Arms belong to the King, totally expected medieval ideas of equating the King with the country.

Especially famous and important are the Coat of Arms of Alexander the Great- the Macedonian, which are also found outside of the rolls of arms, painted, sculptured and embroided across Europe. The most frequent motif is the lion.

Arms of Macedonia can also be found in the Illyrian armorials, bearing their name from the idea of a unified Slavonic state of Illyria.

New research shows that those Roll of Arms were not merely filled with fabricated coat of arms and empty wishes.

*(Page 3)*

Поддржано од Supported by

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА
MUSEUM OF MACEDONIA

ISSN 1857-5544

*Во овој број:*

**Грбовите на Македонија**
Јован Јоновски 3

**Орденот на Република Македонија**
Петар Гајдов 14

**Хералдички претстави од Брегалничкиот регион**
Ана Јорданова 17

**Хералдиката во Музеј на Македонија**
Кирил Трајковски 19

**Хералдиката на факултет**
Др.Снежана Филипова 20

**Чудесниот свет на хералдиката**
Лена Ангелкоска 21

**Терминолошки речник**
23

**Хералдичка анализа на штитовите од Нерези**
Јован Јоновски 24

**Активности на МХЗ** 26

**Регистерот на грбови**
28

*In this issue:*

**Coats of Arms of Macedonia**
Jovan Jonovski 3

**Order of the Republic of Macedonia**
Petar Gajdov 16

**Heraldic Representations from Bregalnica Region**
Ana Jordanova 17

**Heraldic Regristry**
18

**Heraldry in the Museum of Macedonia**
Kiril Trajkovski 19

**Heraldry at University**
Dr. Snezana Filipova 20

**Magnificent World of Heraldry**
Lena Angelkoska 21

**Heraldic Analysis of Shields from Nerezi**
Jovan Jonovski 24

**Activities of MHS** 26


## Од уредникот

Повторно по двегодишна пауза, пред вас е третиот број на гласникот на Македонското хералдичко здружение. Овој број ќе биде посветен на грбовите на Македонија. Темата на овој број се поклопува со темата на новиот дел од поставката на Музејот на Македонија. Всушност, тој ќе биде и објаснување на овој најнов дел од поставката за делот од историјата на Македонија која долго време беше запоставена.

Покрај новите сознанија за оној дел од историјата на македонските грбови кој е познат, илирската хералдика, ќе бидат објавени за првпат и грбовите на Македонија од европските грбовници, вклучувајќи ги тука и грбовите на Александар Македонски.

Посветено е внимание и на многубројните настани и активности на МХЗ од последниот број на Македонски Хералд до денес.

Голем дел од активностите на Македонското хералдичко здружение се одвиваат во соработка и поддршка од Музејот на Македонија. Благодарност за директорот, Мери Аницин - Пејоска за поддршката на МХЗ.

## From the Editor

After a two-year pause, you hold the third issue of the gazette of Macedonian Heraldry Society. This issue is dedicated to the Coats of Arms of Macedonia. The main subject of this issue coincides with the subject of a new part of the exhibition at the Museum of Macedonia. Actually it will be an explanation of this newest segment of the exhibition which covers a part of Macedonian history long neglected.

In addition to the new discoveries of the part of the history of Macedonian Arms already known, this is the Illyrian heraldry, for the first time, arms from the European Rolls of Arms, including the Arms of Alexander the Great- the Macedonian, will be published.

Attention is given to the many events and activities of MHS since the last issue of the Macedonian Herald until today.

A large part of the activities of Macedonian Heraldry society are carried out with close cooperation and support from the Museum of Macedonia, especialy from the Director, Meri Anicin-Pejoska, to whom MHS is most grateful.


**Овој број е потпомогнат од НУ Музеј на Македонија, Скопје**
Ќурчиска бб, http://www.musmk.org.mk

**This issue is supported by the NI Museum of Macedonia, Skopje**
Kurciska bb, http://www.musmk.org.mk
+389 (0)2 31 29 323; 31 16 044


**На насловната страна / On the Cover**

Лево/Left
од грбовникот од Баварската библиотека, 1530.
From Bavarian Library Armorial, 1530
1.Грбот на Александар Македонски
The Arms of Alexander the Great,
2,3. Грбот на Кралот на Македонија
The Arms of the King of Macedonia

Десно/Right
Грбот на Александар Македонски
од „Шавалие еран“, 1394 година
Национална библиотека Париз,
Coat of Arms of Alexander the Great
- Macedonian
Chavalier errant,
B.N Paris, 1394.


**Македонско Хералдичко Здружение**

Петар Манџуков 113/6
1010 Скопје, Македонија
Уредник; Јован Јоновски
+389 2 (0)70 252 989
info@heraldika.org.mk
heraldika.org.mk

**Macedonian Heraldry Society**

Petar Mandzukov 113/6
1010 Skopje, Makedonija
Editor: Jovan Jonovski
English Editor: Melwyn Jeremiah
Дигитална верзија на овој број:
Digital version of this issue:
heraldika.org.mk/MKHerald-3.pdf

Јован Јоновски

# Грбовите на Македонија

Со грбовите на Македонија, односно со земскиот грб, се занимавал само Александар Матковски. Неговите истражувања, кои се фокусирани на македонскиот земски грб во илирските грбовници, се објавени во книгата „Грбовите на Македонија, (прилог кон македонската хералдика)“, 1970 година, во Скопје. За жал, како и другите истражувачи од соседството кои го проучуваат грбот на својата земја (Александар Соловјев – српскиот, Христо Дерменџиев и Иван Иванов, бугарскиот, а Ѓин Варфи албанскиот), и Матковски повеќе каталогизира, наместо грбот хералдички да го анализа.

Оваа книга ја популаризира хералдиката во Македонија и, практично, ги поставува нејзините основи.

Од објавувањето на книгата на Матковски (1970)[1], има нови откритија и сознанија за илирската хералдика. Освен во илирската хералдика, грбовите на Македонија се наоѓаат и во други, вонилирски извори, кои целосно се непознати на македонската јавност, вклучително на научната и стручната.

Во вонилирските хералдички грбови, најчесто станува збор за „Кралот на Македонија“, формулација соодветна на средновековните идеи дека земјата му припаѓа на кралот како наследена сопственост, формулација која, редовно, се среќава и за другите земји.

Посебна група на грбови претставува и припишаниот грб на Александар Македонски, кој е чест мотив во грбовниците и аплициран надвор од нив, како дел од славниот англосаксонски еп „Деветте достоинственици“.[2]

### Вонилирска хералдика

Најстара хералдичка претстава, поврзана со Македонија што досега е откриена, односно што








Jovan Jonovski

# Coats of Arms of Macedonia

The only person to engage in the research of the Arms of Macedonia, especially regarding the Land Arms, was Aleksandar Matkovski. His research, which focuses on the appearance of the Macedonian Arms in the Illyrian armorials, was published in his book *Грбовите на Македонија, (*прилог кон македонската хералдика): “Grbovite na Makedonija (prilog kon makedonskata heraldika) [Coats of Arms of Macedonia (Tribute to Macedonian Heraldry)], published 1970 in Skopje. Unfortunately, as is the case of other researchers of their State Arms, (Aleksandar Solovjev for Serbia, Hristo Dermenjiev and Ivan Ivanov for Bulgaria, Gjin Varfi for Albania), Matkovski is more concerned with cataloguing the Arms rather than with heraldic analysis.

This book popularized heraldry in Macedonia and, practically, laid its foundations.

Since the publication of the Matkovski book in 1970[1] there have been new discoveries in Illyrian Heraldry, as well as the appearance of the Macedonian Arms in the European non-Illyrian Armorials, which are totally unknown to the Macedonian public including the scientific circles.

Regarding the non-Illyrian Armorials, most frequently there is a Coat of Arms attributed to “The King of Macedonia”. This formulation was appropriate for the medieval idea that the land is an inherited property of the king, which is also found in other countries.

A special group of the non-Illyrian arms are the attributed arms of Alexander the Great – The Macedonian, as a part of the Anglo-Saxon epos “The Nine Worthies”.[2]

### Non- Illyrian Heraldry

The oldest heraldic representation connected with Macedonia surviving to the present time, or

1. Грбот на Кралот на Македонија, Arms of the King of Macedonia, Miltenbereg: рек/rec. Јоновски/Jonovski

2. Земскиот Грб на Македонија, Land Arms of Macedonia, Лондонски грбовник/London’s Roll

3. Грбот на Стефан Немања, Arms of Stefan Nemanja, Коренич-Неорич/Korenic- Neoric

преживеала до денес е претставата на банер[3] на Скопје од мапата на Анџелино Дулчерто од 1339 г., со блазон: *злато* (на златно поле), *црвен двоглав орел*. Над името на градот „Скопи", пишува и „Сервиа". Сепак треба да се истакне дека оваа претстава е различна од традиционалната за Србија, која речиси секогаш е *црвено, бел двоглав орел*.

Македонскиот грб, опишан како грбот на „Кралот на Македонија", се јавува во повеќе извори. Џон А. Гудал[4] споменува три грбовници во кои се наоѓаат грбови со следниве блазони:

1. Сино (на син штит), три златни круни со црвени капи, челенка: од златна круна сребрена конусна капа, на врвот топче. Мантија: сино.[5]

2. Злато, четири црвени отсечени ремени двојно градобрански. Сепак според цртежот, кој го прави самиот Гудал, ремените се орамени.[6]

3. Верверица црвено и среберо, на сребрен појас три полумесечини златни, челенка: од златна круна сино крило со три полумесечини злато[7].

Во грбовникот од Баварската библиотека[8] од 1530 г. се претставени два грба:

1. Црвено, три сребрени ремени двојно градобрански, орамени златно (иако тука блазонот е даден поинаку, сепак станува збор за слична шара како онаа под број 2, од погоре).

2. На злато, три црни лакови од самострел во столб (еден под друг). Тука самиот изглед на фигурите е нејасен, па така можно е да станува збор и за три јареми.

Павле Ритер Витезовиќ, во вториот дел од својата стематографија, спомнува дека Македонија има два други грба, едниот со блазон:[9] *големо куче*, а другиот: *исправена тојага меѓу два воловски рога*. Овие мотиви можат да се видат на картата на Винченцо Коронели од 1692 г. И во двата извора боите не се наведени.

Фра Фрањо Милетиќ, коментаторот на Фојничкиот грбовник,[10] наведува дека грбот на Македонија: *црвено, златен крунисан лав*, се наоѓа кај Виргил Солис[11] од каде што влегува во илирските грбовници. Испитувајќи го фототипното издание од 1882 година јас не успеав да го потврдам ова.

Од досега кажаното може да се види дека грбот на „Кралот на Македонија", освен претставата со двојно градобранските ремени не е конзистентен, поради тоа што, веројатно, авторите на овие грбовници не се служеле со конкретни ликови, туку правеле свои презентации, што е случај со другите балкански, како и со поегзотичните земји. Без сомнение, понатамошното проучување и на други грбовници, ќе открие и други вонилирски грбови.



**Земскиот Грб на Македонија,**
**Land Arms of Macedonia,**
**Грбовникот на Паленич, 16 век**
**Palenic Armorial, XVI c.**

discovered so far, is the banner of Skopje, on the map of Angelino Dulcerto from 1339., with blazon: *Or, doubleheaded eagle Gules*. Above the name of the city "Scopi" is written "Servia". It should be noted that this presentation is different from the traditional arms of Serbia with the blazon, *Gules, doubleheaded eagle Argent*.

A Macedonian Coat of Arms described as belonging to the "King of Macedonia" is found in several sources. John A. Goodall[3] mentions three armorials with the following blazons:

1. *Azure 3 crowns Gold with caps Gules*; Crest: *out of a crown Gold a conical cap Argent tipped with a ball Silver;* mantling: *Azure.*[4]

2. *Gold, 4 bars embattled on both sides, and voided Gules.*[5]

3. *Gros vairy Gules and Silver, on a fess Azure 3 crescents Gold*; Crest: *out of a crown Gold on a wing Azure 3 crescents Gold.*[6]

In the Roll of Arms of the Bavarian Library[7] of 1530, two other arms are represented with the blazons:

*1. Gules 3 bars embattled on both sides Argent, fimbriated Or*. This is a similar design to the one found in Miltenberg.

*2. Or, three* crossbow bows *Or in Pale.* The charge here is not very clear; it could also be a yoke.

Pavlo Ritter Vitezovic, in the second part of his Stematographia mentions that Macedonia had two more Arms, one a great dog, and the other a baton between bulls horns.[8] These motifs can be seen on Vincenzo Coronelli 1692. In both sources the colors are not mentioned.

Pater Franjo Miletic, the commentator of the Foynitsa Armorial[9] states that the Arms of Macedonia [*Gules a Lion Or crowned Or*] could be found in Virgil Solis[10] from where it enters the Illyrian Armorials. I did not succeed in proving this through examination of the reproduction edition of 1882.

From what has already been said it can be seen that the representation of the Arms of the "King of Macedonia", apart from the one with embattled bars, is not consistent. This is probably because the authors of those Arms did not use any concrete images, but were creating presentations of their own; this is the case with the other Balkan states and more exotic lands. Without doubt further research will discover more of these Arms.

## Грбовите на Александар Македонски

Посебно интересна тема е припишаниот грб на Александар Македонски како дел од „деветте достојни“, кој покрај грбовниците, се јавува аплициран и на разни таписерии, камени релјефи, и.т.н. Најстарата претстава, каде што Александар е изобразен како витез што во раката држи штит на кој е насликан грбот, е онаа од 1394 г. со блазон: *црвено, златен лав кој со двете раце држи златна секира.*[12] Иако во дел од другите претстави, грбовите се измешани помеѓу овие достоинственици, сепак претставата за лав е најраспространета. Другите претстави според Францис Велде[13] се:

1. Сино, цар во своето велелепие седнат на трон, сѐ златно.[14] Во другите претстави обично лав седи на тронот а не цар, како на пример во претставата од 1394 г.

2. Злато, црвен лав вооружен сино.[15]

3. Црвено, два златни лава во пресрет.[16]

4. Црно, златен грифон.[17]

Истиот блазон: црно, златен грифон се наоѓа и на грбовникот од Аугсбург од 1530 г.

Во претставата на *деветте достојни* од 1483 г. на Антон Сорг, од Аугсбург, грбот на Александар Македонски е: *црвено, три златни круни.* Во овој грбовник се измешани најголемиот дел од грбовите. Така грбот со три круни кој е доста конзистентен и во другите претстави му е атрибуиран на кралот Артур. Тука и други постојани грбови, како оној со ерусалимскиот крст, наместо на Годфрид од Бујон, му е припишан на Кралот Артур.

Џон Ферн[18] го дава грбот на принцот Македон од Ематија[19]: *црно, сребрен волк.*

## Илирска хералдика

Под илирска хералдика се подразбира хералдиката на еден грбовник за кој се тврди дека бил составен од Станислав Рупчич, Бан на цимери[20] на Цар Душан, во










**Земскиот Грб на Македонија, Land Arms of Macedonia,**
**1. Коренич-Неорич/Korenic-Neoric**
**2. Алтхановиот грбовник/Althan Roll**
**3. Белградски грбовник II/Belgrade II Roll**

## Arms of Alexander the Great – The Macedonian

An especially interesting subject is the Coat of Arms attributed to Alexander the Great – The Macedonian as a part of the “Nine Worthies”, which apart from the Rolls of Arms could be found applied on walls, reliefs, tapestries etc. The oldest representation, where Alexander is shown as a knight holding a shield, is from 1394. The shield has the blazon: *Gules, a lion Or holding with both arms an axe Or.*[11] Although in other armorials the Arms of the worthies differ, or are interchanged, the most frequent representation is with the lion. According to François R. Velde,[12] other representations are:

*1. Azure a king in his majesty seated on a throne all Or.*[13]In other representations, it is a lion sitting on the throne, as in the one of 1394.

*2. Or a lion Gules armed and langued Azure*[14]

*3. Gules two lions Or confronting*[15]

*4. Sable a griffon Or*[16].

Arms with the same blazon *Sable a griffon Or* are found in the Armorial from Ausburg of 1530.

In the “Nine Worthies” part of the armorial of Anton Sorg of Ausburg from 1483 the arms of Alexander are *Gules three crowns Or*. In this armorial most of the Arms are misplaced. The Arms with three crowns is very consistent in other sources attributed to King Arthur. Further, the Arms with the Jerusalem cross almost always attributed to the King of Jerusalem, in the armorial is attributed to King Arthur

John Fern[17] gives the Arms of Macedon, king of Emathia[18]: *Sable, a wolf Argent*.

## Illyrian heraldry

“Illyrian heraldry” is the term given to the heraldry included in the Roll of Arms alleged to be created by Stanislav Rupcic, King of Arms of King Dusan, in 1340. We know about this armorial only by its copies which state that the original roll of arms was kept on Mt. Athos.

1340 година. За овој грбовник знаеме само по неговите преписи, во кои се наведува дека оригиналниот грбовник се чувал на Атос. Александар Соловјев тврди дека овој грбовник не можел да постои,[21] туку дека постоел од некој протоилирски грбовник, од втората половина на 16 век, од кого се препишани сите други илирски грбовници, од кои за најстар долго време се сметал грбовникот на Коренич- Неорич[22] од 1595 г. Според Соловјев, овој протоилирски грбовник, всушност, е фалсификат, направен по нарачка од дон Педро Охмучевич (кој починал 1599), за да го докаже своето наследство од Релја Крилатиот, гроф од Костур и други места од Македонија, во времето на Цар Душан. Анализа на историчноста на грбовникот на Станислав Рупчич е посебна тема со која тука нема да се занимаваме.

Матковски ја прифаќа оваа хипотеза и низ целото свое дело ја употребува, со тоа што, сепак, остава простор дека оригиналниот грбовник на Станислав Рупчич би можел да постои.[23] Новите откритија и сознанија, особено преку најдените материјални докази, веќе неспорно покажуваат големо совпаѓање со грбовите од илирскиот грбовник, што укажува дека оној што го работел грбовникот на Коренич – Неорич навистина имал извонредни познавања на хералдиката, симболите и претставите на средновековното благородништво или, пред себе имал, некој вистински грбовник.

## Македонскиот грб во Илирската хералдика

Според Џон А. Гудал,[24] од оригиналниот грбовник на Рупчич има две линии на рецензија. Лондонскиот Грбовник се смета за најстариот грбовник од првата рецензија. Овој грбовник не му бил достапен на Матковски а, веројатно, ни на Соловјев. Грбовникот нема точен датум, но се датира пред Коренич-Неорич кој пак е датиран 1595 година. Во него Македонскиот грб е прикажан како: (на) *црвено, лав* (рампант), *наоружан црвено, над главата круна, двете златни, штитот окрунет со древна круна*. Круната на штитот е над главата на лавот, но ја следи линијата на главата, што практично покажува дека намерата на оваа круна е да е го крунисува лавот, а не да е посебен амблем. Во тој случај блазонот треба да биде: *црвено, златен крунисан лав наоружан црвено, штитот крунисан со древна круна*. Тука лавот е прикажан со обид за тродимензионална зооморфност, со канџи и со крзно, со употреба на нијанси и сенки. Штитот е од германски тип,[25] а круната е древна со пет краци и е украсена со скапоцени камења.

На грбот на Стефан Немања[26], кој е сложен грб



**Кралот на Македонија,**
**King of Macedonia;**
**High Almain Roll; reconstruction/**
**реконструкција Jonovski/ Јоновски**

Aleksandar Solovjev claims that this Roll of Arms could not exist,[19] but that there was a proto-Illyrian Roll of Arms from the second half of 16 c, from which all other Illyrian Armorials were copied. According to Solovjev, this proto-Illyrian armorial is a forgery, done by order of don Pedro Ohmucevic, (died in 1599) in order to prove his descent form Relja the Winged, count of Kastoria and other territories in Macedonia, in the time of King Dusan. Analysis of the historic existence of this Roll of Stanislav Rupcic is a separate issue with which we will not engage in this paper.

Matkovski accepts this hypothesis and uses it in his entire work, but still, he leaves open the possibility that such an original Roll of Arms of Stanislav Rupcic might have existed.[20]New discoveries, especially artifacts, undoubtedly show similarity with the Arms of the Illyrian Armorials. This shows, that the artisian of the Korenic- Neoric had great knowledge of the heraldry and symbols of medieval nobility, or actually had in front of him a real Armorial.

## Macedonian Coat of Arms in Illyrian Heraldry

According to John A. Goodall,[21] there are two lines of recensions from the Rupcic's original Roll. The London Roll is considered to be the oldest in the recension 1. Matkovski did not have access to this Roll. The Roll has not been dated precisely, but is prior to Korenic-Neoric, which is dated 1595. In the London Roll, Macedonian Arms are shown as: *Gules, a lion (rampant), armed gules, with crown above the lion's head, both Or*. Over the shield is an ancient crown Or.

The crown in the shield is above the lion's head but is following the line of the head, which indicates that the idea for this crown was to crown the lion, and not to be a separate charge. In this case the blazon would be: *Gules a lion crowned Or armed Gules*. Above the shield is an ancient crown Or. In this instance the lion




**Мапата на Винченцо Коронели, 1692 г.**
**Map of Vincenzo Coronelli, 1692.**

во кој се наоѓаат сите грбови на илирските земји, го прикажува грбот на Македонија во првото поле. Тука, поради размерите на полето, лавот е прикажан наведнат, а двете задни нозе му се на иста површина, што хералдички, позата на лавот а не рампант, како што е на самостојниот грб. На лавот на бугарското поле нозете на лавот не се на иста површина, така тој и тука е прикажан рампант. И овде круната над главата на лавот е издигната, што се повторува и кај Бугарскиот грб. Промената на позата на лавот е резултат на мало невнимание на хералдичкиот уметник, а не промена на позата на лавот.

Грбовникот Коренич-Неорич, кој долго бил сметан за најстара копија од 1595 година, кој се чува во универзитетската библиотека во Загреб, е втор во низата на првата рецензија. Тој го дава Македонскиот грб самостојно, и го претставува истиот стил на претстава на грбот како и во Лондонскиот грбовник, само што тука лавот е наоружан златно. И тука круната е претставена подигната. На грбот на Стефан Немања, лавот е прикажан со три нозе на иста површина што ја претставува позата пасант.

Во третиот грбовник на ова рецензија: Алтхановиот (Болоњски) грбовник од 1614 година, - Македонскиот грб е прикажан самостојно. Тука круната е на главата на лавот, што е хералдички исправно. Основна разлика е што тука опашката на лавот е одвоена (*форше*). Штитот е готички,[27] додека круната е јагодова со три крака, понекогаш нарекувана војводска.

Грбот на Марко Скоројевиќ 1636-1686 година, има иста презентација на самостојниот грб. Слична има и Белградскиот грбовник 2, од 1620 година, со таа разлика што штитот тука е ренесансен.[28] Во грбот на Стефан Немања, во двата грбовника, македонскиот лав е прикажан во позата рампант.

Претставник на втората рецен-










**Земскиот Грб на Македонија,**
**Land Arms of Macedonia,**
**1. Фојнички грбовник/Foynitsa Roll**
**2. Витезович/Vitezovic:**
**Грбот на Бугарија/Arms of Bulgaria**

is depicted with an attempt for three dimensional realism, with nails and fur, applying nuances and shades. The shield is of a German type,[22] and the crown is a 5 point ancient crown, charged with gems.

On the Coat of Arms of Stefan Nemanja,[23] which is a marshalled Arms containing the Arms of all Illyrian states, the Macedonian arms are shown in the first quarter. Here due to the largely disproportional field, the lion is depicted bent with the rear legs on the same plane, heraldically representing statant and not rampant as in the Macedonian arms. In the Bulgarian quarter the lion's rear legs are not in the same plane, thus being rampant. Here, as well, the crown is elevated above the lion's head, similar to the Bulgarian arms, which is blazoned *Or a lion Gules crowned Argent*. The change of the pose is an act of artistic representation, and not an actual change of the heraldic pose.

Korenic- Neoric Roll, from 1595, long considered the oldest copy.[24] It is kept in the University Library in Zagreb, and is the second in line of the first recencion. It portrays Macedonian Arms, in the same style as in London Roll, but being armed Or. The crown here is, as well, separated from the head. On Stefan Nemanja's Arms, the lion is drawn with three legs in the same plane, representing the heraldic posture Passant.

In the third of the same recension, the Althan's or Bolognas' Roll of 1614, the Macedonian Arms are found on their own. The crown is laying on the lions head, which is heraldically correct. The main distinction of this version is that the lion is queued forchée. The shield is gothic[25], and the crown has strawberry leaves with three points, sometimes called ducal.

The Roll of Marko Skorojevic, (1636-1686), has the same representation of the arms. and there is a similar representation in the Belgrade II Roll of 1620, with the difference that the shield is of a Renaissance

зија е Фојничкиот грбовник каде што Македонскиот грб е прикажан со помала артистичност, но по своите атрибути е идентичен на Лондонскиот. Во грбот на Стефан Немања, македонскиот лав е прикажан во поза салиант, со задните нозе исфрлени station наназад.

Критичен пресврт се јавува со грбовникот на Павле Ритер Витезович,1694 (печатен 1701), кој го изменува блазонот на Македонскиот грб во: *злато, црвен лав*. Мора да се забележи дека лавот не е крунисан. Текстот на латински вели: „турчинот ја однесе круната“. Матковски смета дека причина за оваа замена е невниманието на Витезовиќ поради сличноста со бугарскиот грб.[29] Ова е апсолутно исклучено, бидејќи самиот Витезовиќ, во вториот дел на стематографијата пишува дека грбот на Бугарија е: *црвено, златен крунисан лав*, и дека некои по грешка сметаат дека тоа е грбот на Македонија.[30] Тука се гледа дека самиот Витезовиќ, поради некои свои причини свесно и намерно извршил редакција на некој поранешен грбовник кој го користел. Можеби тоа е презентацијата на грбот на Александар Македонски од Џером де Бара од 1581 г. со целосно истиот блазон. Со ова е прекинат низот на претстави на Македонскиот грб со блазон: *црвено, златен крунисан лав*.

Стематографијата 1741 година ја преведува Христофор Жефарович на словенски со српска редакција. Многубројните нејзини изданија вршат популаризација на хералдиката, за жал, со оваа нова ситуација на приказ на Македонскиот грб, е прекината повеќевековната традиција. Бугарската држава, со Трновскиот устав од 1879 г., за грб на својата држава го прогласува грбот на Бугарија од Стематографијата на Жефарович, па така ја потврдува забуната која ја вовел Витезовиќ.

Македонскиот земски грб може да се најде и надвор од грбовниците, апплициран на знамиња, во цркви и на други предмети.




**Земскиот Грб на Македонија,**
**Land Arms of Macedonia,**
**Жефарович / Zefarovic**


MACEDONIA rubeo Leone aureum campum insignivit; quem nonnulli Græciæ stemma fuisse opinantur. Quidam rubeum Epiri Molossum ante Alexandri M. tempora, post clavam Herculis inter Buphali Taurive cornua erectam addidit. Nemanidæ Reges rubeo usi sunt, pro Macedoniæ Insignibus, qui eorum proprietatem in procerum suorum & provinciarum scutis diligenter observabant.


BULGARIA. fulvo coronatoque Leone in campo rubeo armatur. In quodam manuscripto reperi, Leonem rubrum super aureo campo: qui Macedoniæ censetur. Apostolici Reges nigrum faciunt, intra Stellam & Lunam rubeas (quam alii Valachiæ appingunt) in campo albo. Cui adscribere possumus;

*Qui Stellas cernis rubeas, nigrumque Leonem,*
*Fatale hoc genti stemma fuisse, puta.*
*Bella cruenta tulit multos lustrata per annos:*
*Ex lustra victæ nil nisi luctus adest.*

Gens viribus quàm genio præstantior, villibus etiam rapinis dedita, & quæ aliquando plurium Regnorum opes & Orientalis Imperii Coronas everteret, Thraciæque Lunam penè attriverat; nunc Turcicam adorat supplex vassalla.

**Текстуалниот опис на македонскиот и бугарскиот грб, Витезович**
**Textual description on Macedonian and Bulgarian Arms: Vitezovic**





**Текстуалниот опис на македонскиот и бугарскиот грб, Жефарович**
**Textual description on Macedonian and Bulgarian Arms Zefarovic**

shape.[26] In the Nemanja’s Arms, in both Rolls, the Macedonian lion is clearly depicted as rampant.

Representative of the second line of recencion is Foynitsa’s Roll which depicts the Macedonian Arms with lesser artistry, but by its attributes is identical with the one in the London Roll. In the Nemanja’s arms, the Macedonian lion is shown salient, with rear legs depicted thrown backwards.

A critical change is seen in Pavlo Ritter Vitezovic’s Roll (1694, printed 1701), which changes the blazon of the Macedonian Arms to: *Or, a lion gules*. It must be noted that the lion in this case is not crowned. The text below the arms, in Latin, says “the Turk has taken the crown”. Matkovski states that Vitezovic made this change unintentionally, out of lack of attention due to the similarity of the Macedonian and Bulgarian Arms.[27]This is absolutely out of the question, since Vitezovic himself, in the second part of his Stematographia gives an explanation of the Bulgarian arms stating: “Gules, a lion crowned Or, but some mistakenly consider this to be Arms of Macedonia”.[28] Here it can be seen that Vitezovic himself, for his own reasons, intentionally and on purpose made changes to a previous Roll to which he had access. Maybe it was the representation of the Arms of Alexander the Great - The Macedonian from Jerom the Bara of 1581, with the very same blazon. This breaks the long lineage of presentation of Macedonian Arms with the blazon: *Gules, lion crowned Or.*

In 1741 Hristofer Zefarovic translated the Stemmatographia into Slavic with Serbian redaction. Its many print runs popularized heraldry, but unfortunately with this new representation of the Macedonian Coat of Arms, thus breaking the tradition of many centuries. The Bulgarian State with its Turnovo’s Constitution of 1879 accepted the Coat of Arms for Bulgaria as in Zefarovic’s Stemmatographia and thus validates the misconception introduced by Vitezovic.

Macedonian Land Arms can also be found outside of the Rolls, applied on flags, churches etc.

## Грбот на Народна Република Македонија

При составување на грбот на НРМ, за разлика од повеќето социјалистички држави и републики, историскиот грб не го најде своето место во новиот социјалистички амблем, создаден по урнек на „грбот“ на СССР. Наместо историскиот и земски грб, новиот грб на Н.Р. Македонија поприма чисто пејзажна композиција, и со тоа влегува во иста категорија со Романија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Авторството на грбот му се припишува на Василије Поповиќ – Цицо, кој веројатно е авторот на ликовното решение на претставата на грбот од законот, кој се употребувал до крајот на истата година. Тој знаел за земскиот грб на Македонија.[31] Има мислење дека автор на денешниот грб е Ѓорѓе Андреевиќ – Кун кому му се припишува и авторството на грбовите на другите републики на ФНРЈ, кој всушност стилски ги унифицирал.

Грбот на Н.Р. Македонија е усвоен на Второто вонредно заседание на народното собрание одржано во Скопје на 26 јули 1946 година, каде што е донесен законот за Грб на Н.Р. Македонија, а членот 1 од овој закон го дава описот (блазонот) на овој грб:

*Грбот на Народна Република Македонија е поле опкружено со житно класје испреплетено со плодови афион и листови тутун кои на долната страна се поврзани со лента исшарана со народни мотиви. На лентата е напишано „Н. Р. Македонија“. Меѓу врвовите на класјето се наоѓа ѕвезда петокрака. Во средина на полето се оцртува планина во чие подножје тече река. Зад планината изгрева сонце.*[32]

Весникот „Нова Македонија“, два дена подоцна, го објавува овој закон заедно со прикажан грб и објаснување:

*Грбот на Народна Република Македонија е симбол на слободата и братството на Македонскиот народ и богатството на Македонската земја. Житното класје, плодовите на афионот и листовите тутун го претставуваат богатството на Македонија и разновидноста на нејзината економија. Петокраката ѕвезда ја симболизира народноослободителната војна со која Македонскиот народ ја доби слободата. Народниот мотив на лентата го изразува богатството и убавината на народниот бит. Во средината на полето се наоѓа планината Пирин, најголемата македонска планина која била центар на народноосободителните војни во минатото, а реката која тече е реката Вардар, најпознатата Македонска река во Републиката. Пирин и Вардар истовремено ги преставуваат единството на сите делови на Македонија и идеалот на нашиот народ*




**Грб на НР Македонија, од Законот за грб на НРМ, 27-7-1946**
**Arms of PR of Macedonia, from Law of Arms of PRM, 27-7-1946**

## Coat of Arms of the Peopples' Republic of Macedonia

At the creation of the Arms for the Peoples Republic of Macedonia, unlike most other Socialist states and republics, the historical Coat of Arms did not find a place in the new socialist emblem, the design of which followed the “Arms” of the USSR. Instead of the historical Arms, the emblem of the PR Macedonia embodied a purely landscape motif, and thus fell into line with Romania, Bosnia and Herzegovina and Montenegro. The authorship is attributed to Vasilie Popovic – Cico, who, probably is the author of the emblazon included in the Law, which was used until the end of that year. He knew for the Land Arms.[29] There is an opinion that the author of the present Arms, from the constitution, is Gorge Andrejevic –Kun, to whom the authorship of all other State Arms of the Federal Peoples Republic of Yugoslavia is attributed. He actully unified the styles of the Arms of all Republics.

The Coat of Arms of the People's Republic of Macedonia was adopted by law by second special session of the People's Assembly on July 26, 1946 in Skopje. Article 1 of this law gives the description of these Arms:

*The Coat of Arms of the Peoples Republic of Macedonia is a field surrounded by stalks of wheat interwoven with fruits of opium poppy and tobacco leaves, which at the bottom are connected with a ribbon with folk design. The ribbon bears the text „P. R. Macedonia“. Between the top of the stalks of wheat there is a five- pointed star. In the center of the field a mountain is outlined, at the bottom of which a river is flowing. Behind the mountain there is a sunrise.*[30]

In “Nova Makedonija”,[31] two days later, a wider explanation is given:

*The Coat of Arms of the Peoples Republic of Macedonia is symbol of freedom and brotherhood of the Macedonian people and the riches of the Macedonian land. The stalks of wheat, opium poppies and tobacco leaves represent the riches of Macedonia and the diversity of its economy. The five-pointed star is a symbol of the people's liberation war by which the Macedonian people won its freedom. The folklore motif on the ribbon is representing the richness and beauty of the people's essence. In the middle, there is Pirin mountain, the largest Macedonian mountain, which was the centre of people's liberation wars in the past, and the river that flows, is the Vardar river, the most famous river in the Republic. Pirin and Vardar at the same time represent the unity of all parts of Macedonia and the ideal of the Macedonian people for national unification. The sun represent the freedom and the creative life of Macedonia.*[32]

*за национално обединување. Сонцето го претставува слободниот и творечки живот во Македонија.*[33]

Интересно е да се забележи дека дизајнот и објаснувањето на грбот е различен од грбот кој се користи подоцна. Во првиот устав на Нардона Република Македонија во член 3 е дефиниран грбот на НРМ:

*Државниот грб на Народна Република Македонија претставуе поле опкружено со житни класја испреплетено со плодови од афион и тутунови лисја кои што се поврзани на дното со лента прошарана со народни мотиви. Меѓу врвовите на класјата има петокрака ѕвезда. Среде во полето се оцртуе планина, во подножјето на која што тече река. Зад планината изгрева солнце.*[34]

И во овој опис, како и во претходниот, не се споменува ни една боја. Единствената разлика е што во Уставот го нема текстот на лентата. На печатот со кој е оверен овој документ, е претставен грбот на НРМ со првиот дизајн објавен во „Нова Македонија“, додека отпечатокот во восок со кој е запечатен емственикот, го содржи новиот дизајн на грбот.

Во член 4 од овој Устав, стои:

*Државното знаме на Народна Република Македонија е црвено со петокрака ѕвезда. Ѕвездата е црвена со златен/жолт/ раб, и има правилна петокрака форма. Односот на широчината и должината на знамето е еден спрема два.*[35]

Со распадот на СФР Југославија, се постави прашањето за грб на Република Македонија. Така, Владата формира комисија за утврдување на грб и знаме на Република Македонија во 1992 г. во состав: Анета Светиева-етнолог, Александар Цветковски- ликовен уметник, Коста Балабан историчар на уметноста, Димитар Кондовски-ликовен уметник. Во комисијата е вклучен и Матковски. На распишаниот конкурс пристигнуваат преку 3000 трудови, од кои најголемиот дел е инспириран од грбот претставен во книгата на Матковски, која е преиздадена во 1990 година. За жал, Матковски умира непосредно пред ставањето на законот во собраниска расправа, но остава своја порака која е прочитана во Собранието, во која Матковски го изразува својот став дека за грб на Република Македонија треба да се прифати историскиот грб. Комисијата не успева да се согласи околу еден предлог кој би го претставил пред Собранието. Прашањето премногу се политизира.

Поради необезбедено мнозинство, овој закон никогаш не влезе на собраниска расправа, и покрај тоа што според уставниот Закон, овој закон требаше да се



**Проектот за грб на Република Македонија, Мирослав Грчев**
**Proposal for Arms of Republic of Macedonia, Miroslav Grcev**

It is interesting to note that this design and the explanation are different from the one used later. In the first Constitution of the People's Republic of Macedonia, in Article 3 the Coat of Arms is defined as follows:

*The state Coat of Arms of the People's Republic of Macedonia is a field surrounded by stalks of wheat interwoven with fruits of opium poppy and tobacco leaves, which at the bottom are connected by a ribbon with folk design. Between the top of the stalk of wheat there is a five- pointed star. In the center of the field a mountain is outlined, at the bottom of which a river flows. Behind the mountain there is a sunrise.*[33]

In this description as in the previous one, there is no mention of the colors. The only difference is that in the Constitution the description of the text on the ribbon is dropped. The stamp used bears the earlier design of the Arms, while the impression in wax of the sealing cords, applied later, bears the new design.

Article 4 of the Constitution states:

*The State flag of the People's Republic of Macedonia is red with a five-point star. The star is red with golden/ yellow/edge and has a proper five-point star. The ratio between width and length is one to two.*[34]

With the dissolution of the Socialist Federal Republic of Yugolavia, the question of the Coat of Arms for Macedonia arose. In 1992 the government set up a Commission for establishing the Coat of Arms and the Flag of the Republic of Macedonia, consisting of Aneta Svetieva-ethnologist, Aleksandar Cvetkovski-artist, Kosta Balaban- art historian and Dimitar Kondovski- artist. Matkovski was also involved. A public competition was announced, and about 3000 designs were submitted. Most of them were influenced by the Land Coat of Arms represented in the book of Matkovski. Unfortunately, he died not long before the Law on the Coat of Arms, flag and anthem of the Republic of Macedonia entered the Parliamentary procedure. At the session regarding this law, a message from Matkovski was read, in which Matkovski suggested that the historical Arms should be accepted. The Commission did not propose a single project to the Assembly. The issue became highly politicized.

Due to the lack of a majority, this law never entered the Parliamentary procedures, although by Constitutional Law, it should have been completed by the end of 1992. Macedonian passports were issued without any Coat of Arms on the cover, with the idea that once the Coat of Arms was decided upon, the image would

донесе до крајот на 1992 година. Македонските пасоши се издаваат без грб, со цел тој да биде дополнително втиснат веднаш штом истиот ќе биде донесен. Ова трае до 2006 година, кога се воведени новите пасоши и на нив е втиснат стариот грб на НР Македонија.

Законот, пак, за утврдување на знамето на Република Македонија, поминува лесно на 11 јули 1992 г. со што се утврдува знамето со Сонцето од Кутлеш (Ѕвездата од Вергина) чиј дизајнер е Тодор Петров.[36]

Првиот обид за решавање на проблемот со државниот грб потекнува од 1992 година, кога е даден предлог државниот грб да биде базиран на знамето, црвено, 16-крако сонце од Кутлеш (Ѕвездата од Вергина), со додаток на стилизирана буква „М“ и со брановидни линии во основата. Овој предлог не доби поддршка во Собранието поради проблемот со Грција која смета дека 16 кракото сонце на Вергина е само грчко, и подоцна, поради грчкиот притисок, 1995 година Република Македонија се откажува од тоа знаме и го прифаќа денешното знаме.[37]

Следуваат неколку обиди да се стави на расправа закон за грб со истото графичко решение кое го користи ВМРО-ДПМНЕ, како и решението на Мирослав Грчев, кое го емблазонира истиот блазон, но со многу подобро графичко решение. Овие предлози, кои потекнуваат од десниот, национален блок, никогаш не се ставени на расправа во Собранието. Социјал-демократите даваат два предлога: Првиот, отфрлање само на петокраката. Вториот е таканареченото „Словенечко решение“, кое предвидува ставање на содржината на грбот на штит. И овие предлози никогаш не стигнуваат на расправа во Собранието.



„Словенечкото решение“ варијанта 1
“Slovenian solution” version 1 JJ

Последниот предлог доаѓа во 2007 година од премиерот Никола Груевски, најнапред да се извади петокраката, како почетна фаза за решавање на проблемот со грбот, но и овој предлог не наиде на поддршка, и повторно не влезе во собраниска процедура.

Главниот проблем за решавање на кризата со државниот грб на Република Македонија, е државотворната незрелост и целосното непознавање на хералдиката. Социјалдемократите не го прифаќаа земскиот грб, зашто го сметаа за бугарски[38]и партиски симбол на ВМРО- ДПМНЕ[39]. Кога, пак, ВМРО-ДПМНЕ беше на власт и со мнозинство на пратеници, имаше неколку можности, но не се осуди да донесе решение, сметајќи дека за решението за грб треба да има поширок консензус.

Со охридскиот рамковен договор од 2001 година се воведува т.н. Бадинтерово мнозинство, според кое

be impressed later. This situation lasted until 2006, when new passports were issued bearing the old Coat of Arms of the Peoples Republic of Macedonia.

The law for the establishment of the flag of the Republic of Macedonia, was passed with ease on 11 July 1992, establishing the red flag with the Sun of Kutles (Star of Vergina) following the design of Todor Petrov.[35]

An attempt to solve the Arms problem was made in 1992, when there was a proposition to follow the design of the flag: red a golden Sun of Kutles (Star of Vergina) altering it with stylized letter “M” and two wavy lines at the bottom. This proposition did not enter the Parliamentary procedures due to objection from Greece that the 16-point star is only Greek. Later, due to the immense Greek pressure in 1995, the Republic of Macedonia abandoned this flag and adopted a new one.[36]

Several more attempts followed. One was to use the same design of the emblem of VMRO-DPMNE[37], and the one of Miroslav Grcev, having the same blazon but much superior design. These proposals, coming from the right-wing nationalistic parties again never entered the Parliamentary procedures. The Social–democrats came with two suggestions: one, only to remove the five pointed star, and the other, the so called “Slovenian solution” to put the design of the field on a shield. These proposals, again, never entered the Parliamentary procedures.

The last proposal came in 2007. The Prime Minister, Nikola Gruevski, proposed to remove the star, as an initial phase of finding a solution to the problem of the Coat of Arms. This idea, not having support, again did not enter Parliamentary procedure.

The main obstacles preventing the solution of the Coat of Arms problem is the immaturity of the political parties in Statehood and their total ignorance of heraldry. The Social –democrats did not accept the Land arms, considering it to be Bulgarian[38] as well as the party symbol of VMRO- DPMNE.[39] When VMRO-DPMNE was in power with a majority of the Parliament seats, it did not dare to impose a solution, considering that a Coat of Arms needed a wider consensus

With the Ohrid Framework Agreement of 2001 and the introduction of the so-called “Badinter majority”, approval of the Law for the Coat of Arms will require not only an overall Parliamentary majority, but also a majority of Albanian representatives in Parliament.



„Словенечкото решение“ варијанта 2
“Slovenian solution” version 2 JJ

за овој закон е потребно и мнозинство од пратениците Албанци, што уште повеќе ќе го продлабочи и практично ќе го оневозможи воведувањето на земскиот грб.

Албанскиот блок цело време не излезе со свој конкретен предлог за грб, освен барањето тој да биде неутрален, инсистирајќи дека модерната Македонска држава всушност почнува 1991 или дури и 2001 година по граѓанската војна и Охридскиот рамковен договор, со кој Македонија практично станува држава на две големи заедници, па така симболите не треба да укажуваат на историскиот континуитет на државата на македонскиот народ.

Во оваа констелација на политички сили и идеологии, тешко е да се постигне поширок консензус, што би бил некој предлог за грб да се стави на собраниска расправа. Веројатно дека до промена на грбот нема да дојде во догледно време. Сепак, според хералдиката, земскиот грб би бил најдобро решение за грб на Република Македонија, бидејќи тој претставува континуитет од преку 400 години.

[1] Второто издание е објавено 1990 г.
[2] Деветте достојни првпат се јавуваат во англосаксонски еп од 13 век и претставуваат три тријади; трите добри пагани: Хектор, Александар Македонски и Јулиј Цезар; Тројцата добри Евреи: Исус Навин, Цар Давид, Јуда Макавејски; трите добри христијани: Кралот Артур, Карл Велики, и Годфрид Бујонски - кралот Ерусалимски.
[3] Хералдичко знаме со квадратна или благо издолжена форма на кое е претставена содржината на штитот.
[4] Goodall, John A., „An Illyrian Armorial in the Society’s Collections“ u *The Antiquaries Journal*, volume 75, London, 1995, 275
[5] *High Almain Roll* c. 1447-55, College of Arms MS 1st M 5, fol 9;
[6] Randle Holm, cf CEMRA, 1448:
[7] L`armorial Miltenberg, un armorial de la fin du XV e siecle, Archives Heraldiques Suisses, 313;
[8] http://mdz10.bib-bvb.de/~db/bsb00007681/images/ на 9-02-2009
[9] Ritter, Pavlo, *Stemmatographae Illyricanae*, Zagreb, 1702, 63.
[10] *Fojnički grbovnik*, obradio Fra Franjo Miletić, Rabic, Sarajevo, 2005, 58.
[11] Solis, Virgil, *Libellus scutorum vel signorum publicorum*, Vergil Solis, Nurnberg, 1555.
12 Chavalier errant, B.N Paris, 1394, објавено во Ottfried Neubecker, Heraldry, sources, symbols and meaning, Black cat, London, 1998.
[13] François R. Velde, “Nine Worthies” *Heraldica*, http://www.heraldica.org/topics/worthies.htm посетена на 20 мај 2008.
[14] Barthélémy de Chasseneuz: *книга*, 1586, Frankfurt, цитирано во *Heraldica*,
[15] Jerome de Bara, 1581, цитирано во *Heraldica*.
[16] Barthélémy de Chasseneuz: *книга*, 1586, Frankfurt, цитирано во

This will almost certainly,prevent the acceptance of the Land arms as State Arms.

The Albanian parties represented in the Macedonian Parliament have never made a concrete proposal for a design, apart from the request that it should be neutral, insisting that the modern day Republic of Macedonia actually came into existence in 1991 or even in 2001 after the civil war and the Ohrid Framework Agreement. This sees Macedonia as a State of two large communities, and the symbols should not point to the historical continuity of the unitary State of the Macedonians.

In this constellation of politics and ideologies it is hard to achieve wider consensus, which is needed for any proposal to enter the Parliamentary procedure. Most likely a change of the current arms will not happen in the foreseeable future. Nevertheless, according to heraldry, the Land Arms is the best solution for the State Arms of the Republic of Macedonia, since it represents Macedonia in continuity for over 400 years.

[1] The second edition is published in 1990.
[2] The Nine Worthies appear in the 13 c. Anglo-Saxon epos. It is a representation on three triades, three good pagans, Hector, Julius Caeser, and Alexander the Great; three good Jews, Joshua, King David and Judas Maccabeus; and three good Christians, King Arthur, Charlemagne, and Godfrey of Bouillon, the King of Jerusalem.
[3] Goodall, John A., “An Illyrian Armorial in the Society’s Collections“ u *The Antiquaries Journal*, volume 75, London, 1995, 275
[4] *High Almain Roll* c. 1447-55, College of Arms MS 1st M 5, fol 9; cit in: Goodall, John A., “An Illyrian Armorial in the Society’s Collections“ u *The Antiquaries Journal*, volume 75, London, 1995, 275
[5] *Randle Holm, cf CEMRA,* 1448*:* cit in: Goodall, John A., „An Illyrian Armorial in the Society’s Collections“ u *The Antiquaries Journal*, volume 75, London, 1995, 275
[6] *L`armorial Miltenberg, un armorial de la fin du XV e siecle,* Archives Heraldiques Suisses, 313; cit in: Goodall, John A., „An Illyrian Armorial in the Society’s Collections“ u *The Antiquaries Journal*, volume 75, London, 1995, 275
[7] http://mdz10.bib-bvb.de/~db/bsb00007681/images/ visited on 9-02-2009
[8] Ritter, Pavlo, *Stemmatographae Illyricanae*, Zagreb, 1702, 63.
[9] *Fojnički grbovnik*, obradio Fra Franjo Miletić, Rabic, Sarajevo, 2005, 58.
[10] Solis, Virgil, *Libellus scutorum vel signorum publicorum*, Vergil Solis, Nurnberg, 1555.
[11] Chavalier errant, B.N Paris, 1394, published in Ottfried Neubecker, Heraldry, sources, symbols and meaning, Black cat, London, 1998,172-173.
[12] François R. Velde, “Nine Worthies” at *Heraldica*, http://www.heraldica.org/topics/worthies.htm посетена на 20 мај 2008.
[13] Barthélémy de Chasseneuz: *book*, 1586, Frankfurt, quoted in во *Heraldica*,
[14] Jerome de Bara, 1581, quoted in *Heraldica*.
[15] Barthélémy de Chasseneuz: *book*, 1586, Frankfurt, quoted in *Heraldica*.
[16] Hans Burgkmayr (1473-1531), a prominent engraver from Augsburg, who made a suite of Nine Worthies engravings in 1516, quoted in *Heraldica*,
[17] Fearn, John, *The Glory of Generosite*, John Windest, London, 1586, 155.
[18] Region around Thessalonica and Berea, regarded by some as the old name for Macedonia. More on this in the Macedonian Herald, “The Silver Wolf of Macedon”, issue 1 of 2005,1.
[19] Solovjev, Aleksandar, Istorija srpskog grba i drugi heralkdički

*Heraldica*.
[17] Hans Burgkmair (1473-1531), гравер од Аугсбург, гравури на деветте достоинствени 1516, цитирано во *Heraldica*,
[18] Fearn, John, *The Glory of Generosite*, John Windest, London, 1586, 155.
[19] Регионот околу Солун и Верија, кои некои ги сметаат за старото име на Македонија. Македон е митскиот пратакто на Македонците. (За грбот на Македон пишувавме во првиот број на „Македонски Хералд").
[20] Цимер е унгарскиот збор за грб, кој се употребува во постарите грбовници
[21] Solovjev, Aleksandar, Istorija srpskog grba i drugi heraldički radovi, Pravni fakultet univerziteta u Beogradu, Beograd, 2000, 120.
[22] Лондонскиот грбовник, се смета дека настанал пред грбовникот Коренич- Неорич. По долгиот период поминат во библиотеката на Лондонското друштво на Антикваријат, поради грешка во индексирањето, ја здогледа светлината на денот дури во 1992 година кога е претставен како дел од колекцијата на ова друштво.
[23] Матковски, Александар, *Грбовите на Македонија,* прилог кон македонската хералдика, Мисла, Скопје 1990, 78
[24] Goodall, John A., „An Illyrian Armorial in the Society's Collections" u *The Antiquaries Journal*, volume 75, London, 1995, 265
[25] За самата хералдика типот на штитот не е важен и не влегува во блазонот. Класифицирање на штитовите по национална номенклатура е неоправдано, затоа што типовите на штит се јавуваат во повеќето земји во различни периоди. Поради потребата да се дефинира типот на штитот, овде се користи терминот даден во книгата на Матковски (стр. 22).
[26] Матковски прави систематска грешка и овој грб постојано го нарекува заеднички грб.
[27] По класификацијата на *Српски терминолошки речник хералдике,* Српско друштво за хералдику, генеологију, вексилологију и фалеристику „Бели Орао", Београд, годиште 1 број 2, фебруар 2001, 2
[28] Ibid
[29] Матковски, Александар, *Грбовите на Македонија,* прилог кон македонската хералдика, Мисла, Скопје 1990, 112
[30] Ritter, Pavlo, *Stemmatographae Illyricanae*, Zagreb, 1702, 63
[31] Според Никот Този, кој учествувал во креирањето на грбот.
[32] Президиум на народното собрание на Народна Република Македонија, Закон за грбот на Народна Република Македонија, бр 559, Скопје 27 Јули 1946.
[33] „Нова Македонија", бр 482, Скопје 28.7.1946
[34] Устав на Народна Република Македонија, Президиум на уставотворното собрание на Народна Република Македонија, Скопје, 31.12.1946.
[35] Ibid.
[36] Службен весник на Република Македонија, 50/92
[37] Проектот на знамето е дело на Мирослав Грчев, но во последен момент се изменети деталите. Имено, оригиналната димензија 10:16 е заменета со 1:2, и е додаден црвен обрач околу сонцето кој ги раздвојува зраците од сончевиот диск.
[38] Наводната причина за тоа е дека во Втората светска војна Бугарија ја окупира Македонија баш под тој знак. Најголем заговарач на оваа линија беше самиот претседател, Киро Глигоров.
[39] Сите други партии кои подоцна излегоа од ВМРО-ДПМНЕ и кои го задржаа префиксот ВМРО, исто така, го задржаа истото графичко решение на грбот како и ВМРО-ДПМНЕ, само со измени на текстот на лентата под или над грбот.

Особена благодарност до БХВО за посочување и за обезбедување на дел од фотографиите од илирските и вон илирските грбовници.

radovi, Pravni fakultet univerziteta u Beogradu, Beograd, 2000, 120.
[20] Матковски, Александар, *Грбовите на Македонија,* Прилог кон македонската хералдика, Мисла, Скопје "Grbovite na Makedonija (prilog kon makedonskata heraldika) [Coats of Arms of Macedonia (Tribute to Macedonian Heraldry)], Misla, Skopje 1990, 78
[21] Goodall, John A., „An Illyrian Armorial in the Society's Collections" u *The Antiquaries Journal*, volume 75, London, 1995, 265
[22] For heraldry the type of the shield is not important and thus not blazoned. National classification of the shield is not viable as the shield types appear in almost all countries in different periods. Due to the need to define the shield's shape, here we use the terminology from Matkovski's book, given on page 22.
[23] Matkovski makes a systematic error, naming this Arms as "the Common Arms" throughout his work.
[24] The London Roll of Arms, is considered to have been created before Korenic- Neoric. After the long period of obscurity in the Library of the Society of Antiquaries of London due to an indexing error, it saw the light of the day in 1992 when displayed as a part of the Society's collection.
[25] After classification in *Српски терминолошки речник хералдике,* Српско друштво за хералдику, генеологију, вексилологију и фалеристику „Бело Орао", Београд, год. 1 бр. 2, фев 2001, 2 (*Srpski terminoloski recnik heraldike*, Srpsko drustvo za heraldiku, geneologiju, veksilologiju i faleristiku „Belo Orao", Beograd, god. 1 br. 2, fev. 2001, 2)
[26] Ibid
[27] Матковски, (Matkovski), 1990, 112
[28] Ritter, Pavlo, *Stemmatographae Illyricanae*, Zagreb, 1702, 63
[29] According to Niko Tozi, who was involved in the process of establishing the Coat of Arms.
[30] Президиум на народното собрание на Народна Република Македонија, Закон за грбот на Народна Република Македонија, бр 559, Скопје 27 Јули 1946. (Prezidium na narodnoto sobranie na Narodna Republika Makedonija, Zakon za grbot na Narodna Republika Makedonija, br 559, Skopje 27 Juli 1946)
[31] The only daily newspaper of that time which was the gazette of the Peoples Front
[32] „Нова Македонија", бр 482, Скопје 28.7.1946, (Prezidium na narodnoto sobranie na Narodna Republika Makedonija, Zakon za grbot na Narodna Republika Makedonija, br 559, Skopje 27 Juli 1946)
[33] Устав на Народна Република Македонија, Президиум на уставотворното собрание на Народна Република Македонија Скопје, 31.12.1946. (Ustav na Narodna Republika Makedonija, Prezidium na ustavotvornoto sobranie na Narodna Republika Makedonija Skopje, 31.12.1946.)
[34] Ibid.
[35] Службен весник на Република Македонија (Sluzben vesnik na Republika Makedonija), 50/92
[36] Proposal for the flag made by Miroslav Grcev, but at the last moment a change was introduced. The original 10:16 was changed to a 1:2 ratio, and the rays were detached from the sun.
[37] Internal Macedonian Revolutionary Organization – Democratic Party for Macedonian National Unity, the largest party in Macedonia.
[38] The alleged reason is that during the Second World War Bulgaria occupied Macedonia under that symbol. Biggest promoter of this idea was the then President of the Republic of Macedonia.
[39] All other parties that later came out of VMRO-DPMNE retained the prefix VMRO and the same graphical image of the Coat of Arms of VMRO-DPMNE but altering the texts on the ribbon above and below the Arms.

Special gratitude to BHVS for pointing and providing photos of Illyrian and non-Illyrian Armorials.

На Институтот за Национална Историја, постои проект за македонските национални симболи кој е отворен веќе долги години, но поради необезбедени финансии, не се објавени истражувањата на Др. Симо Младеновски.

At the Institute of National History, there is a project for the Macedonian symbols, open for many years, but due to the luck of financing, the research of Dr Simo Maldenovski are still unpublished.

Петар Гајдов


# Орден на Република Македонија

Фотографија од архивата на Време



**Орденот на Република Македонија, од доделување на МАНУ, (Другите ордени, десно, се Орденот за заслуги за Република Македонија)**
**Order of the Republic of Macedonia, from the awarding to the Macedonian Academy of Science and Art (The othes, on right, are the Orders of Merit of the Republic of Macedonia)**

Во продолжение на текстот за македонските одликувања, кој беше објавен во претходниот број на гласникот на МХЗ, во овој број го претставуваме највисокото државно одликување во нашата земја - Орденот на Република Македонија.

Согласно Законот за одликувањата, Орден на Република Македонија се доделува на:

- најистакнати личности и правни лица кои имаат посебни заслуги во остварувањето на самостојноста, сувереноста, независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија, како и за вонредни резултати остварени на цивилен и воен план.

- најистакнати личности кои исклучително придонеле за развивање и зацврстување на миројубивата соработка и пријателските односи меѓу Република Македонија и други држави, како и за јакнење на нејзината меѓународна положба и углед;

- владини и невладини организации, здруженија, како и поединци, кои со своето работење и дејствување постигнале исклучителни резултати од значење за афирмирање на Република Македонија во областа на науката, уметноста, образованието, стопанството, хуманоста и слично, на домашен и на меѓународен план, а особено поединци кои во областа на своето работење, односно професионално ангажирање добиле највисоки награди, односно најпрестижни признанија од меѓународно значење и

- шефови на држави и на влади, како и на други истакнати странски личности за вонредни заслуги во развивањето и зацврстувањето на пријателските односи и соработката на Република Македонија со други држави.

Орденот на Република Македонија се состои од орденска ѕвезда и орденски знак на ѓердан, а изработен е од 280 грама 18 каратно злато.

Орденската ѕвезда има основна кружно-ѕвездеста форма со димензија од 91мм, дебелина од 2,3мм и тежина од 101 грам. Орденската ѕвезда се носи на лента изработена од маорирана свила со ширина од 105мм. Лентата е со црвена боја, а на краевите има жолти линии. Ѕвездата е составена од 30 зраци, кои на врвот имаат топчест завршеток во кој е вметнат рубин од моделот кабашон со величина од 2,7мм. Во централното поле се наоѓа рубин со величина од 9мм. Централниот медалјон околу рубинот има стилизација на флорални елементи, а централниот дел на медаљонот е заокружен со стилизирани палмети. Маргиналниот венец на медаљонот е составен од нишка од 77 брилијанти со величина од 1,7мм врамени со родиумска преслека.

Медаљонот на орденскиот знак е идентичен со централниот медаљон на орденската ѕвезда. Тој е во кружна форма со димензија од 57мм, дебелина од 1,7мм и тежина од 51 грам.

Орденскиот знак е врзан за ѓерданот на орденот со стилизиран гордиев јазол и детал од маргините на Болоњскиот псалтир, а висок е 3,5 см и тежок 6 гр.

Герданот на орденскиот знак е составен од две форми на герданските алки, кои се наредени во наизменична меѓусебна врска со должина од 800мм и тежина од 131

**Орденската ѕвезда на лента**
**Order's star on sash**



грам. Едните алки се стилизирани тутунови лисја на кои е претставено македонското знаме, а другите алки се со кружна форма во кои е вметнат седумкрак стровилос. Во ѓерданот се вметнати вкупно 133 рубини со величина од 1,25мм.

Орденот на Република Македонија е изработен од 18 каратно злато, има родиумски третирани елементи, соодветно тониран топол емајл и 320 скапоцени камења од видот брилијант и рубин, во современа јувелирско - ковна техника.

Орденот на Република Македонија има минијатурна копија изработена во кружна форма со дијаметар од 18мм. Изработена е од сребро со чистота 925, со 24 каратна позлата. Минијатурата е со димензии 15х35мм.

Орденот има минијатурна лента во црвена боја со две паралелни жолти линии, а е изработена од маорирана свила со димензија 1,5х 3,5мм.

Редниот број на орденот, жигот за чистотата на металот од кој е изработен, државниот жиг за контрола на квалитетот и жигот на производителот, се втиснати на задниот дел на орденскиот знак и на орденската ѕвезда.

Автор на идејното решение за изгледот на Орденот на Република Македонија е Сашо Бајрактаров.

Орденот на Република Македонија за прв пат беше врачен на 7 септември 2005 година, на првиот претседател на Република Македонија Киро Глигоров и постхумно на вториот претседател на Република Македонија Борис Трајковски.

Понатака, со орденот на Република Македонија беа одликувани:

- Македонската православна црква на 10.06.2007 година, на свечена церемонија во црквата „Св. Софија“ во Охрид, по повод 40 години од Автокефалноста на Македонската Православна Црква и

- Македонската Академија на науките и уметностите на 8 ноември 2007 година, на свечена церемонија во МАНУ, по повод 40-годишниот јубилеј. МАНУ е одликувана за исклучителниот придонес во утврдувањето на националната политика и развојот на научната работа и уметничкото творештво, како и за поттикнување и координирање на научно-истражувачката дејност од значење за севкупниот развој и афирмација на македонската наука и држава.



Од доделувањето на Орденот на Република Македонија, седат: Киро Глигоров, Бранко Црвенковски и Вилма Трајковска
Order of the Republic of Macedonia, from the awarding ceremony. sitting: Kiro Gligorov, Branko Crvenkovski and Vilma Trajkovska



Фотографија од архивата на Време

Од доделувањето на Орденот на Република Македонија: Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, Претседателот Бранко Црвенковски
Order of the Republic of Macedonia, from the awarding ceremony: Archbishop of Ohrid and Macedonia k.k. Stefan, President Branko Crvenkovski

Македонската Православна Црква има свој орден, Св. Климент Охридски, кој е во три степени.
Macedonian Orthodox Church has its own order, the Order of St. Kliment of Ohrid, a three class order. JJ



* За пишување на текстот е користен Законот за одликувања и признанија на Република Македонија („Сл.весник на РМ“ бр. 48/02) и Одлуката за описот, изгледот и материјалите од кои се изработува орденот на Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр. 31/05).

Petar Gajdov

# The Order of the Republic of Macedonia



Continuing the text of Macedonian decorations, from the previous issues of Macedonian Herald, in this issue we present the highest state decoration in our country - the Order of the Republic of Macedonia.

According to the law for decorations, the Order of the Republic of Macedonia is awarded to:

- The most honorable persons and institutions that have special merit in achievement of independence, sovereignty and territorial integrity of the Republic of Macedonia, as well as for extraordinary accomplishments in civil and military areas.

- The most honorable persons who have made extraordinary contributions to the development and affirmation of peaceful collaboration and friendship between the Republic of Macedonia and other countries, as well as strengthening it's international position and reputation.

- Governmental and Non-governmental organizations, societies, and individuals which have achieved extraordinary results of significant affirmation of the Republic of Macedonia in the fields of science, art, education, economy, humanity and similar, in the domestic and international fields, and specially to individuals who in their field of work, or professional engagements, have been awarded with the highest awards of international significance,

- Heads of foreign States and governments, as well as other honorable foreign persons for extraordinary merit in developing and affirming friendly relationships and collaboration between the Republic of Macedonia and other countries.

The Badge of the Order is a circular 18 carat gold plate 57 mm wide, 1.7 mm thick, and weighing 51 gms. In the centre there is a ruby of 9 mm. The central medallion around the ruby has floral elements and the central part of the medallion is surrounded with stylised palmets. The marginal wreath of white enamel is embellished with 77 brilliants, each measuring 1.7 mm. The Badge in this form is worn suspended from a collar of 800 mm length and 131 gms weight, formed of alternating links in the form of tobacco leaves bearing an enamelled Macedonian flag and a small version of the Badge. The collar has 131 rubies of 1.25 mm width.

The Order's star is the Badge surrounded by thirty gold sunrays, each surmounted by a single cabochon ruby of 2.7 mm. The star is worn suspended from a shoulder sash of red moiré silk with yellow edges.

The serial number of the Order, the level of purity of the metal from which it is made, the State hallmark and the brand of the producer are engraved on the back of the Badge and the star. The designer of this regalia is Sasho Bajraktarov.

The miniature of the Order is made of silver, plated with 24 carat gold. It is 18mm wide and suspended from a ribbon of red moiré silk with yellow edges.

The Order of Republic of Macedonia was awarded for the first time on September 7th 2005 to the first President of Republic of Macedonia, Kiro Gligorov and posthumously to the second President, the late Boris Trajkovski. In that case his Order was given to his widow.

The order of the Republic of Macedonia was also awarded to:

1. The Macedonian Orthodox Church on June 10th 2007 at the ceremony in the Church of St. Sophia in Ohrid, for the 40th anniversary of the proclamation of Authocefality of the Macedonian Orthodox Church, and

2. The Macedonian Academy of Science and Art on November 8th 2007, for its 40th anniversary. The Macedonian Academy of Science and Art was given the award for extraordinary contribution in affirmation of national policy and the development of science and artistic contribution, as well as for the encouragement and coordination of science and research work of great meaning for the general development and affirmation of Macedonian science and State.

* For writing this text is used the Law for decorations and acknowledgements of the Republic of Macedonia (the Official Gazette of the Republic of Macedonia No.48/02) and the Decision of description, appearance and materials from which the Order of the Republic of Macedonia is made (the Official Gazette of the Republic of Macedonia No. 31/05)

Ана Јорданова- Дубровска Ana Jordanova- Dubrovska

# Хералдички претстави од Брегалничкиот регион
# Heraldic Representation form Bregalnica Region







Во средновековниот период прстените се најмногуброен накит, кој бил носен и од мажите и од жените, од сите возрасни класи. Изработувани се од различни материјали и со разновидни техники кои обично ја индицираат класата на носителите. Покрај украсувањето, носени се и од други причини. Го прикажуваат како личниот, така и социјалниот идентитет на оние на кои им припаѓаат. Прстенот е основен во многу венчални церемонии и ја симболизира вечноста меѓу партнерите. Меѓу најчестите зооморфни претстави на прстените се мотивите се орелот и лавот[1] .

Во колекцијата на Музејот на Македонија има неколку прстени, како и еден пехар кои потекнуваат од Брегалничкиот ареал, односно од североисточниот дел на денешна Република Македонија. Временски, припаѓаат на средновековието и длабоко го одразуваат византискиот културен, политички и религиозен (христијански) дух. Заради симболите кои се претставени на нив, претставуваат илустративен сегмент од поставката *Хералдиката на Македонија*. Имено, овие три прстена и пехарот се декорирани со симболи кои имаат хералдички елементи.

Првиот прстен потекнува од локалитетот „Црквиште" во село Мородвис кај Кочани, од гробот означен 94. Излиен е од сребро, а датира од средината, односно втората половина на XIII век. На него е изгравиран двоглав орел со крила свртени надолу.

Вториот прстен потекнува од гробот 357, на кој се воочуваат хералдички елементи. Тој е изработен од сребро со позлата. На главата на прстенот е прикажано животно, многу веројатно лав, со свиткана опашка, околу кое се поставени 8 ѕвезди, од кои онаа меѓу нозете е поизразена. Прстенот потекнува од втората половина на XIII век, односно почетокот на XIV век.

Третиот прстен потекнува од гроб до северниот периметрален ѕид на црквата „Св. Архангел Михаил" во Лесновскиот манастир, кај Злетово. На овој прстен, исто така, е претставен двоглав орел со крила свртени надолу. Прстенот веројатно потекнува од крајот на XIII, односно XIV век[2] .

In the medieval period, rings are the jewelry most frequently worn by both men and women and by people of all ages and classes. Rings were made of different materials and techniques, usually indicating the social class of the wearer. Rings were worn for different reasons, as decoration or for other purposes. They often displayed the personal and social identity of their bearer. Rings could have spiritual, religious, magical and or prophylactic meaning and function. They were standard in many marital ceremonies, often symbolizing the faithfulness of the partners. The most common zoomorphic motifs found on rings of this period are the eagle and lion[1].

In the Museum of Macedonia, there is a collection of several rings and a goblet originating from the Bregalnica region in the northeast part of the modern-day Republic of Macedonia. They are dated to the medieval period and deeply reflect the Byzantine culture, politics and religious spirit of those times. They are displayed as an illustrative part of the exhibit of "Heraldry of Macedonia." The three rings and goblet are decorated with heraldic elements.

The first ring originates from "Crkviste" in the village of Morodvis, near Kocani and is from grave #94. It is cast in silver and dated from the middle to the second part of the 13th century. It is decorated with a double-headed eagle with wings inverted.

The second ring is from grave #357 and has heraldic symbols. It is cast in silver and is gold plated. At the head of the ring, an animal is depicted, most probably a lion with a long, curved tail, surrounded by eight stars, the largest of which is under the lion. The ring is dated from the second half of the 13th century to the first half of the 14th.[2]

The third ring is from a grave in the north wall of the St. Archangel Michael of Lesnovo monastery, near Zletovo. This ring is also decorated with a double-headed eagle with wings inverted. This ring is dated from the same period as the previous one.

In Byzantium, the privileged class owned luxury goods made of silver, ivory and various types of bones[3] as well as other expensive materials. However, everyday utensils, used by the less wealth, were made of cheap metal or ceramics. Decorations made of these materials relate to function or simply to reflect the taste or status of the owner.

In the village of Orizari, near Kocani, together with

Во Византија привилегираните поседувале луксузни предмети изработувани од сребро, слонова коска или коска[3] , како и од други скапи материјали, додека, пак, предметите за секојдневна употреба што ги имале помалку имотните биле од евтин метал или керамика. Декорациите на овие предмети може да се во релација со функцијата или да го рефлектираат вкусот или статусот на сопственикот.





Во село Оризари кај Кочани, заедно со повеќе луксузни наоди, случајно е откриен еден пехар. Пехарот со висока нога е сребрен со позлата. Во централниот дел од внатрешноста е инкрустриран златен лав во црно поле. Овој пехар можел да има духовна намена, но поверојатно е дека тој имал профана функција.

Како што говори насловот, овде се прикажани само предмети кои просторно се врзуваат за брегалничката област. Од територијата на Република Македонија потекнуваат и други наоди со зооморфни орнаменти, на кои се забележуваат хералдички симболи. Овие предмети се надеваме дека понатаму ќе бидат повеќе проучувани и научно дискутирани.

(Магистерскиот труд на Ана Јорданова, *Прстење са позносредњевековне некрополе у Мородвису*, одбранет, Белград 2007).

other luxury items, a goblet was discovered. It is a long-stemmed, gold plated silver cup. In the central part, there is a golden lion on a black background. The goblet may have had ceremonial usage, but most likely had a profane function.

The items here displayed are exclusively from the Bregalnica region. Within the territory of Macedonia there have been many other discoveries with zoomorphic ornaments and other heraldic symbols. We hope these items will be more thoroughly researched in the future.

(Master thesis by Ana Jordanova, Later Medieval Rings from Morodvis, Bejgrade 2007).

[1] Вујадин Иванишевић, „Развој хералдике у средновековној Србији“, *Зборник радова Византолошког института*, XLI, 2004, с.227.

[2] Д. Барџиева, „Прстенот на Јован Оливер – Јован Каливит – ктиторот на црквата во Лесново“, *Историја*, бр. 1, Скопје 1985, с. 177- 184; К. Трајковски, Осврт, МАА, бр. 9, 1983 -1984, с. 235-236.

[3] Marlia Mundell Mango, *At home: Metalwork of everyday life, Bizantium 330 – 1453*, p. 151.

# Heraldic Registry

Macedonian Heraldry Society, the only expert body on heraldry in the country, as a part of its activities maintains a Register of Armorial Achievements (Coats of Arms, flags, badges), and registers personal and corporate arms. In this issue of Macedonian Herald we bring you four Arms.

First is the Arms of Jovan Jonovski, President of MHS. The Blazon is Per pale and sinister per fess. 1. Or an eagle displayed wings inverted Sable armed Gules, in eagles beak cross botonee Argent fimbriated Azure 2. Barry of eight Argent and Gules a cross botonnee Argent fimbriated Azure 3. Vert on a bend Azure fimbriated Or three crosses botonee Or.

Mantle: Gules semi of crosses botonee and Argent.

Crest: From crest cronet issuant eagle had Sable armed Gules in eagles' beak cross botonee Argent fimbriated Azure.

Motto: Domine Salva rex (Lord save the King)

Second Arms is of Petar Gajdov, Secretary of MHS. The Blazon is per pale and sinister per fess. 1. Gules, a lion Argent, crowned Or, 2. Azure bend Purple fimbriated Or between oak branch fructed and ancient crown all Or.

Mantle: Gules and Azure.

Crest: issuing from ancient crown Or, Archangel Michael, holding scale in dexter and sword in sinister arm, all Proper.

Motto: Honoria, Justitia, Labora – Honour, Justice, Work

The third Arms is of Stojanca Petkovski of Kumanovo. The blazon is: Azure, a bend wavy ermina between thre bees Or.

Mantle: Azure and Argent

Crest: A tree Proper encircled by frame saw Or.

Motto: Труд, Благослов, Чест (Trud, Blagoslov, Cest) – Work, Blessing, Honor.

The fourth is of Kiril Trajkovski, vice President of MHS. The Blazon is, Per Pal Argent and Azure, A Cross patee of faith between two croses patee in chief, all countercharged.

Mantle: Azure and Argent

Crest: star Argent

Motto: Per Aspera ad Stella – from thorns to a star.

Images are shown on the backcover.

# Хералдиката во Музеј на Македонија
# Heraldry in the Museum of Macedonia



Во градот Скопје под византиската цитадела на четврт *стадиа* надолу мирно, логично и непретенциозно стои Мустафа – пашина џамија. На седумдесетина *аршини* оддалеченост е Куршумли Ан. Меѓу овие зданија лесно се развлечени декадните контури на Музејот на Македонија.

Зад белите фасади на ова здание, во 1983 година насловено како СОЗТ Музеи на Македонија и на „I кат", одеднаш беше поставена и кажана севкупната македонска историја. „Историјата на Македонија од доаѓањето на Словените до 1945 година".

Во идеолошката и концепциски одамна атрофирана поставка и до денес стојат два листа од „*декадентниот хабзбуршки грбовник*". Двата нискограмски хартиени листа и евтината фотокопија, се срамежлива алузија на земните лавови на Херодот и езерата во Македонија. Авторот, артистот и калиграфот е Христифор Жефаровиќ од Дојран, библиски и преродбенски град. Пеплосан, а сега не ни постои крај езерото. Нема ниту лавови. Тие се во „мобилијарните кафези" на Музејот на Македонија. След Божик 2009 година, надарените и докажани музејски артисти Лилјана Мангаровска, Ангел Георгиев и Никола Анѓелкоски мораат да еквилибрираат на полузатегнатата музејска жица.

Музејскиот концепт на вишиот кустос Драган Георгиев е проткаен со повеќе идеи и визуелни решенија како да ја досегне наративноста, сугестијата, дидактичноста и репрезентативноста. Вешто, пак, и провлекувајќи се низ таквите меѓи и концепциски желби, унисоно, и повторно, хералдот Јован Јоновски, ги гледа, допира и пунктира, светлите и **точни** хералдички точки. Така ја извлекува тенката, длабока и прецизна хералдичка линија.

Таа е хронолошка, збогатена и нова, врамена во условни хералдички рамки наречени: „грбовите на Александар Македонски", „илирска хералдика" и „македонскиот грб во европската хералдика".

Кон оваа хералдичка сторија, како „оригинални музејски реквизити" стојат неколку сребрени и сребро – позлатени предмети со симболи, кои се изнедрени се некаде крај реката Брегалница, во XIII и XIV век. Исто како и копринените и навезени барјаци со симболи, девизи или пораки, имаат за цел да се разбуди истражувачката желба и етика.

Значи, во Музејот на Македонија денес има помалку прашина, повеќе бои и повеќе вистина.

Нека им е честито на сите.

Under the byzantine citadel in the city of Skopje, on a fourth of a stadia, peacefully stands the Mustapha Pasha mosque. At a distance of seventy archins is the Kurshumli An. Between these two sites lie the decaying contours of the Museum of Macedonia.

Behind the white facade of this building, an exhibit opened in 1983, dedicated to the whole of Macedonian history, entitled: "The History of Macedonia from the Coming of the Slavs to 1945."

From the time of that now outdated ideology till today, stand two sheets of "the decadent Hapsburg Armorial." The two sheets of light paper, and a cheap photocopy are a shy allusion to the lions of Herodotus and the lakes of Macedonia. The artist and calligrapher is Hristofor Zefarovic of Dojran, an ancient city from biblical times, once burned to the ground. Lions are no longer found there. They are in the "mobile cages" of the Museum of Macedonia. After New Year's of 2009, the gifted and talented museum artists Liljana Mangarovska, Angel Georgiev and Nikola Angelkoski have walked a fine line, breathing new life into these old displays.

The concept of chief curator Dragan Georgiev is a twining of various ideas and visual concepts to present a narrative with both didactic and representative flair. Skillfully maneuvering among these markers and in harmony with the aforementioned concepts, herald Jovan Jonovski sees, touches and punctuates the exact heraldic points of the display, thereby drawing out the thin yet deep and precise heraldic line.

It is a line of chronology, rich and new, framed in the heraldic borders named: "Coats of Arms of Alexander the Great - the Macedonian: Illyrian Heraldry and Macedonian Arms in European Heraldry."

Enhancing this story are original museum items from the 13th and 14th centuries of silver- and gold-plating complete with heraldic symbols from the Bregalnica river. The silk embroidered flags, with symbols, mottoes and messages, are to awake the spirit and ethic of exploration.

Today, in the Museum of Macedonia, there is less dust, more color and more truth.

Congratulations to all!

# Хералдика на факултет
## Heraldry at University

Д-р Снежана Филипова, во 2004г., прва ја воведе Хералдиката како изборен предмет за насоката среден век во наставната програма на Филозофскиот Факултет на Институтот за Историја на уметност. До сега 3 генерации студенти и над 50 на број, почнувајки од 3-та студиска година, 5-ти семестар го слушале овој предмет, за кој има голем интерес. На неколкупати на студентите им се обрати и претседателот на МХЗ на Македонија кој одржа и предавање врзано со историјата на хералдиката и МХЗ, при тоа беше облечен во табардот како Хералд. Исто така, од 2009 г. студентите пријавуваат и дипломски работи од областа Хералдика кај д-р Филипова. Во новата наставна програма која започнува да се применува од есента 2009 г, овој предмет ќе го слушаат и студентите на насоката Археологија. Исто така на постдипломските студии на новата насока -Ликовна и визуелна семиотика, од новата учебна година 2009/2010, Филипова ќе го осмисли и ќе го предава предметот Хералдички систем на знаци.

Со оглед на големата ренесанса и повторното актуелизирање на Хералдиката во некогашните социјалистички земји, а и во Македонија, како и новите откритија на грбови врзани со територијата на Македонија и преку археолошки наоди (од страна на проф. д-р Елица Манева) и со анализа на ликовните средновековни дела што Филипова ги направи, се создаваат нови теми за истражување и интерпретирање. Ова е предизвик за студентите кои сакаат да се посветат на научно истражување или практична примена на знаењата од хералдиката во конкурсите на новите општински грбови, како и при изработката на медали и. т.н. Соработката со Универзитетите во Европа им овозможува на оние што го избираат овој предмет да престојуваат на европски универзитети каде што предметов се предава, да ги истражуваат ретките грбовници коишто се чуваат во одделни библиотеки, музеи, и да бидат гости на хералдичките здруженија, со можност да откријат нови грбови поврзани со територијата на Македонија или да развијат вештини за креирање нови грбови, според правилата на хералдиката кои кај нас, до неодамна, многу малку се почитуваа.

Dr. Snezana Filipova was first to include heraldry as an elective subject for Medieval studies in the curriculum of the Philosophy Faculty of the Institute of Art History in 2004. So far, three generations and over 50 students, starting from third year, fifth semester, have studied this subject, in which there is great interest. On several occasions the President and Herald of the Macedonian Heraldry Society addressed the students, and delivered lectures regarding the history of heraldry and of the MHS, wearing his Herald's tabard.

From 2009, students can submit a graduation (Diploma) thesis on heraldry with Dr. Filipova. In the new curriculum beginning autumn 2009, this subject will be available to the students of Archaeology. Also, with the new term 2009/2010 the postgraduate students of Art and Visual Semiotics will devise and teach the Heraldic system of symbols.

With the big renaissance and actualization of heraldry in the former socialist countries, including Macedonia, as well as the new discoveries of arms connected to the territory of Macedonia and through archaeological discoveries (by Prof. Dr. Eliza Maneva) and with analysis of the artistic medieval documents done by Snezana Filipova, new subjects for research and interpretation emerge. This is a challenge for those students wanting to dedicate themselves to scientific research or to the practical application of the knowledge of heraldry in the bids for new municipal arms, the design of medals etc. Cooperation with european universities allows those choosing this subject to spend time at universities where this subject is taught, to research the armorials at different libraries, museums, and other repositories and to be guests of heraldry societies with the possibility of discovering new coats of arms connected to the territory of Macedonia or to develop skills for creating new arms, according to the rules of heraldry, that until recently were neglected.



**Фотографија од предавањата на др. Снежана Флипова (др. Филипова е на горната фотографија крајно лево)**
**Photo of the lectures of dr. Sezana Filipova (Dr. Filipova is first on the left on the upper photo)**

# Чудесниот свет на хералдиката
# Magnificant World of Heraldry

Проектот по Хералдика, насловен како: „Чудесниот свет на Хералдиката, блесок на грбовите" во рамките на едукативните активности на Музејот на Македонија, беше одобрен и финансиран од Министерството за култура на Република Македонија. Ова не беше прва средба со хералдиката во Музејот. Првите предавања „Основите на хералдиката" и „Македонска хералдика" и средбите на заинтересираните со членовите на Македонското хералдичко здружение (МХЗ) во Музејот на Македонија се одржаа во 2006 година.

„Чудесниот свет на Хералдиката" доби голема поддршка од Мери Аницин Пејовска, директор на Музејот на Македонија и археолозите Кирил Трајковски, советник и Ирена Колиштркоска Настева, виш кустос, како и одделот по историја во Музејот на Македонија. Координатор на проектите по Хералдика во оваа Национална установа е Лена Анѓелкоска, историчар на уметноста и музејски едукатор. Проектот стартуваше на 18 мај 2007 година - Меѓународниот ден на музеите, со предавањето: „Нови откритија во македонската хералдика". Во рамките на овој проект, следното предавање под наслов: „Грбовите сведоштво на државноста" беше одржано на 6 јули, 2007 г., по покана на НУБ Св. Климент Охридски, во Битола. Излагањето претставуваше вистински настан за овој град, каде што за прв пат во неговата историја се слушаше и дискутираше на оваа тема! Овие две предавања ги одржа Јован Јоновски, Хералд и Претседател на МХЗ. На 1 ноември 2007 г., д-р Стојан Антонов, Претседател на Бугарското хералдичко и вексилолошко друштво, во Музејот гостуваше со предавањето: „Хералдиката како систем на симболи". На 7 ноември по покана на Музејот на Македонија, д-р Вујадин Иванишевиќ од Археолошкиот институт во Белград, го одржа предавањето: „Хералдиката во средновековна Србија".

Овие излагања на експертите по Хералдика - науката за грбовите, ги проследија историчари, историчари на уметноста, археолози и етнолози, професори од Филозофскиот факултет и нивните студенти,



The Heraldry project "Magnificent World of Heraldry, The Shine of the Coats of Arms" of the Educational Department of the Museum of Macedonia, was approved and financed by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia. This was not the first contact with heraldry in this museum. First lectures "The Basis of Heraldry" and "Macedonian Heraldry" and meetings of those interested with the members of the Macedonian Heraldry Society where held in the Museum of Macedonia in 2006. "The Amazing World of Heraldry" received great support from Meri Anicin – Pejoska, the Director of the Museum of Macedonia, and archeologists Kiril Trajkovski, advisor, and Irena Kolistrkoska – Nasteva, higher custos, as well as the Department of History of the Museum of Macedonia. Coordinator of this Project is Lena Angelkoska, art historian and museum educator. The project started on May 18, 2007, International Museums Day, with the lecture: "New Discoveries in Macedonian Heraldry". The next lecture in this project, " The Coat of Arms – The testimony of Statehood", took place on July 6, 2007 at the invitation of the National and University Library "St. Clement of Ohrid" in Bitola. The lecture was a real event for this city, where for the first time in their history there was a lecture on this subject! Both lectures were given by Jovan Jonovski, the Herald and President of the Macedonian Heraldry Society.

On Nov 1, 2007, Dr. Stoyan Antonov, President of the Bulgarian Heraldry and Vexillology Society, was the guest of the Museum of Macedonia with the lecture: "Heraldry as a System of Symbols". On November 7, 2007, Dr Vujadin Ivanisevic from the Archeological Institute, Belgrade delivered the lecture: "Heraldry in Medieval Serbia".

These lectures by the experts on heraldry – the science of the Coats of Arms - were attended by historians, art historians, archaeologists, ethnologists, professors of the Philosophy Faculty and their students, students of the High School of Applied Arts from Skopje and



**Горе, предавањето на д-р. Вујадин Ивањишевиќ, (во средина), Долу, предавањето во Битола**
**Above, lecture of dr. Vujadin Ivanjisevic (in the middle). Lower, lecture in Bitola**



учениците од Средното училиште за применета уметност и нивните наставници, како и новинари, претставници од Ректоратот на Универзитетот Св.Кирил и Методиј, претставници на Владата на Република Македонија и други.

Проектот содржи и Работилници, каде што група ученици-ликовници можеа да пробаат да изработат личен грб или општински грб. Резултатите од овој проект се планира да бидат презентирани, во иднина на изложба, Соработката на Музејот на Македонија со МХЗ и во иднина, како и соработка и со други научни институции, треба да даде резултати и со нови евентуални сознанија потребни за оваа наука, како и да резултира со влегување на новите сознанија во форма на документи, артефакти и др., во самата музејска поставка. Соработката на МХЗ со Музејот на Македонија ќе биде неминовно, долгорочно и на задоволително ниво.



Проектот: „Хералдиката на територијата на Република Македонија“ за 2008 година во рамките на едукативните активности на Музеј на Македонија, одобрен и финансиран од Министерството за култура на Република Македонија, беше менаџиран од моја страна. Овој подолгорочен проект (во 2007 година проследен со редица предавања) треба да резултира со внесување на колектираниот материјал во историската поставка на Музејот на Македонија. Во овие прибирачки и истражувачки активноски ангажирани се МХЗ, професори и асистенти од Институтот по Историја на уметноста и археологија, одделот по историја во Музеј на Македонија, експерти од Бугарија и Србија и др.

На 28.1.2009 г. предавање со наслов „Планината како симбол во македонската традиција“ одржа проф. д-р Никос Чаусидис од Институтот по историја на уметноста и археологија при Философскиот факултет. Се одржаа и неколку едукативни работилници со ученици од Училиштето за применета уметност Лазар Личеноски од Скопје, под хералдичката палка на Хералдот Јован Јоновски.

На 18.2.2009, доцент д-р Снежана Филипова одржа предавање на тема „Нови ликовни хералдички извори“.

their teachers, journalists, representatives of the Rectorate of the University of St. Cyril and Methodius, as well as the representatives of the Government of the Republic of Macedonia, and others.

This project also included workshops, where art students and others were able to design personal and municipal Arms. The results of this project are planned to be displayed at a later date. Future cooperation with the Museum of Macedonia and MHS, as well as with other scientific institutions, should result in new information in this field through the collection of documents and artifacts as part of the Museum exhibition. Cooperation of the Museum of Macedonia with the MHS will be inevitable, long-lasting, and satisfactory.

The project: “Heraldry on the Territory of the Republic of Macedonia” for 2008 is an activity of the Educational Department of the Museum of Macedonia, approved and financed by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia. It is managed by Lena Angelkoska. This long-lasting project (begun in 2007 with several lectures) should produce material for the exhibition of the History Department at the Museum of Macedonia. It will involve MHS, professors of the Art History Institute, History Department of the Museum of Macedonia, experts from Serbia, Bulgaria etc.

On January 28, 2009, a lecture on: “The Mountain as Symbol in Macedonian Tradition” was delivered by Prof.Dr. Nikos Causidis, of the Institute of Art History with Archaeology of the Philosophy Faculty in Skopje. Several educational workshops took place with students of the High School for Applied Art and the American High School form Skopje, under the herald’s baton of Herald Jovan Jonovski.

On Feb. 18, 2009, Docent.Dr Snezana Filipova delivered a lecture on: “New Art Resources for Heraldry” regarding the art sources for heraldry in the territory of the Republic of Macedonia.

**Фотографии и дела од работилниците**
**Photos and works from the Workshops**





# Македонски хералдички терминолошки речник

Во претходните броеви ја разгледавме дефиницијата на грбот, како и неговите составни делови. Ги разгледавме и хералдичките бои и крзна. Во овој број ќе стане збор за малиот грб, односно штитот.

Штитот како дефанзивно оружје отсекогаш бил добра основа за осликување. Тие во најголемиот дел од историјата биле направени од дрво, зајакнати со метални апликации, покриени со кожи. Нивниот облик не бил постојан во текот на времето, па така хералдиката не го зема во обзир типот и обликот на штитот. Во блазонот не влегува обликот на штитот, кој му е оставен на хералдичкиот уметник да го исцрта во емблазонирањето, во зависност од модата, периодот и, се разбира од својот вкус.

Поради современото опишување на блазонот, се јавува потреба да се дефинира обликот на штитот. Постојат неколку системи на опишување на штитот. Едниот е национален, кој за штитовите со различен облик се користи име на земја. Овој систем не е целосно оправдан, бидејќи во различни периоди во сите земји се употребувале истите облици.

Вториот систем е штитовите да се нарекуваат според периодот во кој најчесто биле употребувани. И третиот е, секој штит да се нарекува со различно име.

Македонското хералдичко здружение користи комбиниран систем, за да се продолжи традицијата која веќе постои.

### Видови штитови

**Варјашки** – наједноставниот и најстар хералдички штит. Тој има приближно триаголен облик, но со конкавни страници, кои можат да бидат со помал или поголем радиус.

**Готски** – страните на штитот започнуваат паралелно, а потоа се спојуваат под тап агол.

**Англиски** – сличен на готскиот, но со таа разлика што во горниот дел е малку проширен.

**Шпански** – страниците почнуваат од врвот паралелни а на дното завршуваат во полукруг.

**Француски** – или квадратен, кој на дното линијата од конкавна поминува во конвексна.

**Германски** – тарч – често несиметричен штит кој има отвори од страните, кои во времето на турнирите служел за на него да се потпре копјето.

**Ренесансен** – штит сличен на класичните форми, но со повеќе заоблени линии.

**Полски** – штит со многу заоблени линии.

**Барокен** – штит со рамка од декоративни елементи.

**Лозанж** – ромбовиден штит, кој во Англија се користи во грбовите на жени.

**Кружен или овален** – штит кој во некои јурисдикции се користи во грбови на жени и во црковната хералдика.

Во хералдиката страните на штитот се определуваат според оној кој го носи штитот. Така десната хералдичка страна е лева додека левата хералдичка страна е, всушност, десно.

Штитот може да биде од едно поле (дел исполнет со иста боја или хералдичка шара) или да биде поделен на неколку полиња.

Основните поделби на штитот се:

**расечен** (вертикално),

**пресечен** (хоризонтално),

**скосен** (дијагонално од горниот десен до долниот лев агол)

**лево скосен** (дијагонално од горниот лев до долниот десен агол), на крст (хоризонтално и вертикално),

**на салтир** (по двете дијагонали),

**на шеврон** (од долните краци на двете дијагонали),

**на вила** (како шеврон плус хоризонтална линија во горниот дел).

Тука спаѓа и **на вртешка** (во стандардната форма се состои од 8 полиња. Доколку има повеќе, нивниот број треба дополнително да се наведе).

Освен обични, можни се и повеќекратни поделби. Тие можат да се повторуваат, или да се комбинираат. Ако штитот се состои од четири полиња во различни бои, хоризонтално едно врз друго, тогаш штитот е трипати пресечен (една поделба на штитот дава две полиња, три поделби даваат четири полиња). Кога поделбите се комбинираат се наведува редот по кој се аплицирани поделбите.

На пример, пресечен и полурасечен на сребро, зелено, сино. (штитот е најнапред поделен хоризонтално, (горната половина е сребрена), а долната половина повторно поделена вертикално, десно зелено, лево сино).

Линиите на поделба, освен права можат да имаат и многу други различни облици. Бројот на вакви линии на поделба е многу голем. Тука ќе претставиме само осум од основните. Блазонот ја содржи и линијата на поделба.

На пример: расечен пламеновидно, сребро и црвено.





1. Варјашки штит расечен
2. Готски штит пресечен
3. Англиски штит скосен
4. Шпански штит лево скосен
5. Француски штит на крст
6. Германски штит на салтир
7. Ренесансен штит на шеврон
8. Полски штит на вила
9. Барокен штит на вртешка
10. Лозанж.

Полето може да се декорира со нијанси на истата боја со геометриски и флорални елементи. Ова се вика Дамаскирање (цизелирање).

Јован Јоновски

Jovan Jonovski

# Хералдичка анализа на штитовите од Нерези

# Heraldic Analysis of Shields from Nerezi



Хералдичките мотиви во Македонија се присутни уште од самиот почеток на хералдиката. Во Св. Пантелејмон во Нерези, крај Скопје, подигната 1164 г., Др. Снежана Филипова за првпат препознава хералдички претстави на фрескоживописот и опишува неколку, иако истиот многупати бил анализиран но не и во хералдички контекст.[1] Во следниот број ќе следи нејзиниот труд за Најновите наоди на ликовни хералдички извори во Република Македонија.

На нејзина покана, во март 2009 ја посетивме оваа манастирска црква подигната од византискиот принц Алексиј Комнен во која се насликани шест Свети воини, сите претставени со штитови. Во наосот на црквата, на западниот ѕид, од двете страни на вратата, се насликани по тројца Свети воини. Кратенките од имињата на светците не преживеале до денес, но според аналогиите, може да се утврди нивниот идентитет.[2] Извршив хералдичка анализа и еве ги моите наоѓања.

На левата страна од вратата во долната зона се претставите на:

Св. Меркуриј, има мал кружен штит што е свртен кон самиот воин, кој го држи со левата рака одозгора за централниот дел, за зајакнувањето и за ремените на штитот. Разбирливо, предната површина на штитот не е видлива.

Св. Теодор Стратилат стои пред штитот, кој со долниот дел се потпира на земја, и го држи штитот за ремени кои

Heraldic motifs in Macedonia are present from the very beginning of heraldry. In the St Pantelejmon in Nerezi, in the vicinity of Skopje, which was built in 1164. Dr. Snezana Filipova, for the first time recognizes heraldic images on the frescos, and describes few of them, even though the frescoes many times were analysed but not in heraldic context.[1] In the next issue, her work on Newest Findings of Heraldic Art Sources in the Republic of Macedonia.

By her invitation, in March 2009 we visited this monastery church builted by the Byzantine nobleman Alexis Comnène, there is a presentation of six Holy Warriors, all presented with shields. In the naos, on the western wall, on both sides of the entrance, there are frescoes of three Holy Warriors. The ligatures of their names on the frescos did not survive to the present, but with analogies, the identities of the Warriors have been established.[2] I performed heraldic analysis, and here are the findings.

On the left side, there are presentations of St. Mercurius, St. Theodor Stratilat and St. Theodor Tyron.

St. Mercurius has small round shield facing toward him, which he holds with his left hand by the straps and the reinforcments on the back. Obviously the front side of the shield is not visible.

St. Theodor Stratilat stands in front of his shield, with its lower edge resting on the ground. He holds it by its straps

излегуваат од задната страна на штитот, потпирајќи ја раката на горната страна. Штитот е типичен за 12 в. и е од издолжен вид со полукруг во горниот дел и со остар агол во долниот дел, и е висок до надполовината на воинот, е доволно видлив да се блазонира. Тој има златна декоративна рамка што се повторува и на штитовите на другите Свети воини, но со други декорации. Штитот е поделен на крст зелено и црвено. Треба да се забележи дека полето е дамаскирано со флорални претстави.

Св. Теодор Тирон, истотака стои пред својот штит, кој е со ист облик како и претходниот, и го потпира со рака за горниот дел. Штитот има златна декоративна рамка, и златна лента во горниот дел. Бојата на штитот не е сочувана. На полето се наоѓа златен пресечен-кентаур. Човечкото лице на кентаурот е покриено со лентата на штитот, но се видливи косата, челото и веѓите кои јасно укажуваат дека станува збор за човечка глава. Таа продолжува во човечко торзо кое преминува во тело на коњ на кого јасно се гледаат предните нозе со копитата. На полето се наоѓаат и престави на мали осум краки сонца, кои или се посеани, или, пак, по веројатно претставуваат дамаскирање.

Од десната страна на вратата се преставите на:

Св. Ѓорги, е преставен со штит, кој се потпира на земја и е свртен кон самиот свет воин, кој, пак, го држи за ремените кои излегуваат од задната страна. Видлива е само златната декоративна рамка на штитот.

Св. Димитриј, има штит кој е поставен зад него и се гледа само половината, и има долгнавест облик, како претходните. Штитот има златна декоративна рамка. На половината на штитот има лента со истиот мотив од рамката. Бојата на полето не може да се утврди, но се видливи светло сини линии близу до рамката, кои веројатно само давале ефект на основната боја на полето. Во горниот дел од штитот се видливи делови од глава на животно со златна боја. Најверојатно станува збор за глава на лав. Хералдичката поза на лавот не може да се утврди бидејќи недостасува најголемиот дел од телото. Она што е интересно се мотивите на осумкрако сонце кои се повторуваат околу главата на лавот. Само од неколкуте видливи сонца, не може да се утврди дали станува за поле посеано со сонца, или пак станува збор за дамаскирање, кое се гледа и во другите престави на штитови во оваа црква.

Третата престава во овој ред е на св. Нестор. Тој има кружен штит поставен во профил. И овој штит има декоративна златна рамка. Боите на штитот се добро видливи. Полето е пресечено (или можеби на крст) црвено и зелено. На средината на штитот има мал кружен декоративен елемент.

Ова хералдичко откритие ги менува досегашните сознанија во хералдиката за хронологијата и присуството на хералдички престави и нивната застапеност на Балканот. Ова ќе биде потстрек за подетални анализи на културното наследство во Македонија.

[1] „Во Св. Пантелејмон во Нерези, Скопје, од 1164 г., ги открив насликани на штитот на светите воини Теодор Тирон и Теодор Стратилат, во долната зона од северниот ѕид лево од влезот во наосот. Првиот штит е многу едноставен, поделен е на 4 полиња обоени со две бои, зелено и црвено/ пурпурно. Вториот штит има светло кафено/ портокалов или златен централно претставен кентаур свртен со лик во профил на бела (сребрена) позадина. Војникот го покрива половината од телото и затоа на прв поглед се чини дека фигурата е куче со двојна опашка, а тоа се тенките нозе. Под главата по хоризонтала е насликана подебела светло кафена-златеста лента, каква што е и ивицата на штитовите, исполнета со некаква флорална и делумно геометриска орнаментика.“ Филипова, Снежана, реферат „Ликовни хералдички извори во Република Македонија,“ Институт за Национална Историја, Скопје, октомври 2006,

[2] Барџиева-Трајковска, Донка, Св. Пантелејмон Нерези, живопис, Сигма прес, Скопје 2004 г,

from behind. The shield is of typical 12 c. long shape, semi-circular at the top and with a sharp angle at the bottom. Its height is up to the Warrior's belly and is visible enough to be blazoned. As with other four shields, thr dhield has a golden decorative frame,though each has distinctive decorations. The shield is partitioned per cross Vert and Gules. It should be noted that the fields are damasked with floral patterns.

St. Theodor Tyron also stands in front of his shield, which is of the same shape as the previous one. He supports it with his hand at the upper part. The shield has a golden frame, with a golden bar in the upper part. The color of the shield did not survive. On the shield there is a golden demi-centaur. A human face is hidden behind the bar, but the hair, forehead and eyebrows are visible, though showing that it is a human head. There continues a human trunk, which merges into a horse body with clearly visible front legs with hooves. On the field there are several small 8 pointed suns, which eighter indicate that the field is seme of suns or, or more probably is damasking.

On the right side of the entrance, there are frescos of St. George, St Demetrius and St Nestorius. St George is shown with his shield resting on the ground, facing the Worrier, who is holding it by the leashes coming from behind the shield. Only the golden decorative frame is visible.

St Demetrius stands infront of his shield, and half of it is visible. It has the same shape as the previous ones with a golden decorative frame. On the half of the shield there is a golden bar with the same decorative design as the frame. The color of the shield did not survive, apart from several light blue lines, close to the upper edge, which probably were only adding effect to the basic color. In the upper part, there are remains of a golden animal head. Most probably it is a lion's head. The lion's posture could not to be determined since no parts of the body survived. This shield also has 8 pointed suns around the lions head. From the few remaining suns, it is not possible to determine whether it is a seme field or, most probably, damasking.

Third on this side is the image of St Nestorius. He holds a circular shield shown in profile, again with a decorative golden frame. The colors are clearly visible. The shield is per fess (per cross) Gules and Vert. At the center there is a small golden decorative roundel.

This heraldic discovery changes the present ideas in the heraldry of the chronology and appearance of heraldic representations as well as their quantity in the Balkans. This should be a challenge for more detailed analysis of the cultural heritage of Macedonia.

[1] "In St. Pantelejmon in Nerezi, Skopje from 1164g., I discovered the painted shields of the Holy warriors, Teodor Tiron and Teodor Stratilat, in the lower part of the northern wall left and right of the entrance in the naos. First shield is very simple, divided in four fields painted green red/purple. The second shield has light brawn/ orange or golden centaur facing profile placed in the center on white (silver) background. The Warrior is covering half of the body, and therefore, at first sight it appears to be a dog with double tale, and those are the thin legs. Under the head, a horizontally thicker brown-goldish strip is depicted, as the edges of the shields, with some floral and partially geometric ornaments." Filipova, Snezana, readings, "Heraldic Art Sources in the Republic of Macedonia.", Institute for National History, Skopje, October 2006.

[2]. Барџиева-Трајковска, Донка, Св. Пантелејмон Нерези, живопис, Сигма прес, Скопје 2004г,

# Активности на МХЗ

## Activities of MHS



**Предавањето и работилницата во Егзодус**
**Lectures and Workshops at Exodus**

Од претходниот број на Македонски Хералд, којшто беше објавен пред две години, се случија многу настани. Продолжи соработката со Музеј на Македонија при што беа реализирани неколку предавања и работилници, во координација на членот на МХЗ, Лена Анѓелкоска. Предавањата по предметот хералдика на Философскиот факултет, институт за историја на уметноста со археологија, кои ги држи д-р Снежана Филипова, доскорашен потпретседател на МХЗ, добиваат сè повеќе заинтересирани студенти.

Во овој период хералдиката беше присутна и во медиумите. Следеа десетина написи во дневните весници поврзани со хералдиката воопшто, како и со државниот и општинските грбови. Најголемиот дел од овие написи се публикувани на http://heraldika.blog.com.mk. Хералдот Јован Јоновски гостуваше во неколку емисии на телевизија, зборувајќи за хералдика и особено објаснувајќи го грбот на Македонија, како и Земскиот и денешниот Државен грб.

Покрај предавањата, и работилниците во Музеј на Македонија, имаше и соработка со студентската организација Егзодус од Скопје.

Комисија од МХЗ учествуваше во разгледувањето на трите предлози за грб на општина Крива Паланка кои комисијата за утврдување на грб и знаме на Општината ги одбра од пристигнатите трудови на конкурсот, при што



**Матрикула на грбот на Петар Гајдов, дело на Матеј Богдановски**
**Matricula of Arms of Petar Gajdov, artist Matej Bogdanovski**

Since the last issue of Macedonian Herald, published two years ago, many events happened. Cooperation with the Museum of Macedonia continued, with several lectures and workshops, in coordination with the MHS member, Lena Angelkoska. The subject Heraldry, at the Faculty of Philosophy, Institute for Art History and archeology, held by dr. Snezana Filipova, former vice president of MHS, is going more and more interested students.

In this period, heraldry was present in the media. A dozen newspaper articles followed related to heraldry in general as well as the State and municipal Coats of Arms. Many of these articles can be found at http://heraldika.blog.com.mk. Herald Jovan Jonovski was a



**Претставувањето на знамето на Македонското хералдичко здружение**
**Promotion of the Flag of the Macedonian Heraldry Society**

guest on several television broadcasts, speaking on heraldry, especially on the Coats of Arms of Macedonia.

Apart from the lectures and workshops at the Museum of Macedonia, similar events happened in cooperation with the Exodus student organization.

A Commission of MHS took part in analysis of the three proposals for Coat of Arms of Municipality of Kriva Palanka, which the Commission for establishing of Municipality Coat of Arms and Flag had chosen from the proposals submitted to the Public Call, after which heraldic analysis was completed.

As to international activities, the President of MHS visited the Croatian Heraldry and Vexillology Society on the occasion of the lectures of Josip Kolanovic "Coat of Arms of the Units of Local self-government." There he met Valt Jurecic, a prominent Slovenian heraldist. The

изврши и хералдичка анализа.

Во меѓународната активност, Претседателот на МХЗ го посети Хрватското хералдичко и вексилолошко друштво и го ислуша предавањето на Јосип Колановиќ, „Грбовите на единиците на локалната самоуправа“.. Се запозна и со Валт Јуречич проминентен хералдички работник од Словенија. Хералдот го посети и Бугарското хералдичко и вексилолошко



**Новиот одбор: Петар гајдов, секретар, (Стојан Антонов, БХВО), Јован Јоновски, претседател, Кирил Трајковски, потпретседател**
**New Board: Petar Gajdov, Secretary; (Stoyan Antonov, BHVS), Jovan Jonovski, President; Kiril Trajkovski, Vice President.**

опшество, кое пак учествуваше во подготовката на хералдичкиот дел од изложба во Велико Трново, посветено на стогодишнината од независноста на Бугарија.

Беше посетено и Српското хералдичко друштво „Бел орел“ чиј претседател и главен Хералд, Драгомир Ацовиќ на саемот на книгата во Белград, во ноември 2008 г. го прикажа и своето грандиозно дело, книгата „Хералдиката и Србите“, која со своите 800 страници и со преку 2600 илустрации, претставува најсериозен хералдички труд на овие простори и пошироко.

На 31.10.2007, на годишното собрание беше избран и новиот Извршен одбор. За претседател, повторно беше избран м-р Јован Јоновски, додека за потпретседател, на местото на д-р Снежана Филипова е избран м-р Кирил Трајковски, археолог и советник во Музејот на Македонија. За секретар е реизбран Петар Гајдов.

Исклучителен настан за промовирање на хералдиката во Македонија, а особено нејзиното хералдичко наследство е влегувањето на хералдиката во постојаната поставка на Музејот на Македонија. Главен советник во прибирањето и одбирањето на материјалот е хералдот на МХЗ. Од неговото перо почна да излегува „Хералдички буквар“ кој е посветен на историската, теоретската и практичната хералдика.

Во Регистерот на грбови на МХЗ беа запишани неколку лични грбови, од кои дел се прикажани на задната корица на овој број на Македонски Хералд.

Herald of MHS has visited the Bulgarian Heraldry and Vexillology Society, which took part in preparation of the exhibition in Veliko Trnovo, on one hundredth years of Bulgarian independence. The Herald also visited the Serbian Heralrdy Society “White Eagle”, whose President and Head Herald, Dragomir Acovic, at the Book Fair in Belgrade, in November 2009, presented his grandiose work, the book Heraldry and the Serbs, which with its 800 pages and more than 2600 illustrations becomes the most serious heraldic work in this part of the world.

On October 31, 2007, at the Annual Assembly, a new Executive Board was elected. For President, Jovan Jonovski, MTh, was re-elected. For Vice- President, for the office of Dr. Snezana Filipova, Kiril Trajkovski, MA, archeologist and consultant to Museum of Macedonia was elected. For Secretary, Petar Gajdov was re-elected.

An extraordinary event in the promotion of heraldry in Macedonia, especially in its heraldic heritage, is placing heraldry as a part of the permanent exhibition in the Muesum of Macedonia. The main advisor for gathering and choosing the presented material is the Herald of MHS. From his quill started to appear “the Heraldic Alphabet” dedicated to historical, theoretical and practical heraldry.

In the Register of Coat of arms of MHS, several personal Arms were recorded, several of them shown on the back cover of this issue of Macedonian Herald.



**Посетата на Загреб: Јован Јоновски, Жељко Хејмер, претседател на Хрватското хералдичко и вексилолошко здружение, Валт Јуречич, Словенија**
**Visit to Zagreb: Jovan Jonovski, Zeljko Hejmer, President of Croatian Heraldry and Vexilology Society; Valt, Juricic, Slovenia**

# Хералдички регистер




**Грбот на Јован Јоновски; Емблазон: Александар Куров**
**Coat of Arms of Jovan Jonovski; Emblazon: Alexander Kurov**



**Грбот на Стојанча Петковски; Емблазон: Јован Јоновски**
**Coat of Arms of Stojanca Petkovski; Emblazon: Jovan Jonovski**




**Грбот на Петар Гајдов; Емблазон: Матеј Богдановски**
**Coat of Arms of Petar Gajdov; Emblazon: Matej Bogdanovski**

Македонското Хералдичко Здружение, како единствено стручно тело од областа на хералдиката, како дел од своите активности, води Регистер на Хералдички достигнувања (грбови, знамиња и беџеви), и врши упис во Регистерот на лични и корпоративни грбови. Во овој број на Македонски Хералд објавуваме 4 грбови.

Првиот грб е на Јован Јоновски, Претседателот на МХЗ. Блазонот е: Расечен, полупресечен. Прво, на злато орел раширен црн, оружан црвено, во клунот носи крст тролисен сребрен, преполовено. Второ, лентесто од 8 црвени и сребрени, крст тролисен сребрен орамен сино. Трето, зелено, на превез син орамен златно, три крста тролисни од последното.

Мантија: црвено, посеано со крстови тролисно, поставено сребро

Челенка: од круна глава на орел црна, наоружана црвено, во клунот крст тролисен сребрен.

Девиза: Domine Salva Rex – Господе спаси го царот.

Емблазонот е на Александар Куров.

Вториот грб е на Петар Гајдов, Секретар на МХЗ. Блазонот е: Расечен полупресечен, прво, црвено, сребрен лав крунисан со круна златна. Второ, Сино, пурпурен превез, орамен златно меѓу дабово гранче со плод и стара круна сѐ од злато. Трето, двапати пресечен на сребро, црвено и злато.

Мантија: Црвено, поставено сребро.

Челенка: од круна Архангел Михаел во деснат рака кантар, во левата меч, сѐ природно.

Мото: Honoria, Justitia, Labora – Чест, Правда, Работа

Емблазон: Матеј Богдановски

Трет е грбот на Стојанча Петковски од Куманово. Блазонот е: Сино, брановиден појас хермелин, меѓу три пчели златни.

Мантија: Сино, поставено сребро.

Челенка: Дрво со бичкија.

Мото: Труд, Благослов,Чест

Емблазон: Јован Јоновски

Четвртиот грб е на Кирил Трајковски, Потпретседател на МХЗ. Блазонот е: Расечен сребро и сино, тевтонски крст на вера, меѓу два тевтонски крста во глава, сѐ обратно обоено.

Мантија: сино поставено сребро

Челенка: Шесто крака sвезда сребро

Мото: Per Aspera ad Stella- Преку трње до sвезда

Емблазон: Јован Јоновски

Потребните документи за регистрација на грб, заедно со процедурата се дадени на интернет страната heraldika.org.mk

**English text on page 18**




**Грбот на Кирил Трајковски; Емблазон: Матеј Богдановски**
**Coat of Arms of Kiril Trajkovski; Emblazon: Matej Bogdanovski**